**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Второто продолжение на Деведесет и деветтата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 10 јуни 2005 година**

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,00 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љупчо Јордановски:** Продолжуваме со работа по 99-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Ангелка Пеева Лауренчиќ, Лилјана Поповска, Јани Макрадули, Никола Ќуркчиев, Томе Тромбев, Славе Арсовски, Ванчо Ѓорѓиев, Ќенан Хасипи, Иван Стоиљковиќ, Гајур Сарач, Рафет Муминовиќ, Невџет Мустафа, Игор Ивановски, Али Ахмети, Теута Арифи, Абдулаким Адеми, Љубчо Георгиевски, Орданчо Тасев, Љубе Бошковски, Никола Груевски, Петар Наумовски, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

**Ние сме кај втората точка - Предлог за донесување на закон за работни односи.**

Претресот е заклучен и сега треба да пристапиме кон гласањето.

Молам службите да го утврдат бројот на присутните рпатеници во салата.

(Службите ги пребројуваат присутните пратеници во салата)

Јас би сакал да ги известам пратениците дека денеска имавме Претседателство на Парламентот и потпишав многу одобрувања за патување во странство. Јас ја ценам меѓународната политка и ангажманот на пратениците меѓународно, но исто така пратениците треба да имаат одговорнсот и за нашата внатрешна политика. Во иднина нема да потпишам ниедно ниту на опозицијата, ниту на позицијата.

Ги молам и опозицијата која што се согласи дека во првата фаза ќе го подржи законот да влезе во салата, затоа што има други начиникако да се води политичка борба.

Ги молам пратениците да седнат на своите места.

Во салата се присутни 62 пратеника.

На Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Прво, Собранието на Република Македонија го усвојува Предлогот за донесување на закон за работни односи.

Второ, Владата на Република Македонија да изготви и на Собранието да му достави предлог на закон за работни односи, при што ќе ги има предвид предлозите и мислењата содржани во извештаите на работните тела и во расправата на седницата на Собранието на Република Македонија.

Три, овој заклучок заедно со извештаите на работните тела како и стенографските белешки од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија да се достави до Владата на Република Македонија и Министерството за трид и социјална политика.

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 64 пратеника од кои 63 за, 1 воздржан и нема против.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

**Цветанка Иванова:** Господине претседателе согласно член 74 став 2 од Деловникот за работа на Собранието предлагам точките 3 и 15 од дневниот ред, со оглед на тоа што нема кворум да се поместат како последни точки за разгледување.

**Љупчо Јордановски:** Има кворум туку нема услови.

Значи предлагате точките 3 и 15 да бидат последни точки за разгледување.

**Цветанка Иванова:** Да.

**Љупчо Јордановски:** Дали има подршка од 10 пратеника.

(Пратеници креваат рака)

Има.

Предлогот, точките 3 и 15 да бидат последни точки на дневен ред го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 59 пратеници од кои 58 за, нема воздржани, 1 против, во салата се присутни 65 пратеника.

Ги молам службите сега да го изготват и да го пречистат изменетиот дневен ред.

**Минуваме на точката 4 по стариот редослед - Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на претседатели и заменици на претседателите, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Македонија.**

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес.

Молам кој бара збор? (Никој)

Бидејки никој не бара збор го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 58 пратеника од кои 56 за, 1 воздржан и 1 против, а во салата се присутни 63 пратеника.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката.

**Минуваме на точката 5 - по стариот редослед - Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на претседатели и**

**заменици на претседателите, членови и нивни заменици на Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни прашања на Собранието на Република Македонија.**

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес.

Молам кој бара збор? (Никој)

Бидејки никој не бара збор го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 57 пратеника од кои 57 за, нема воздржан, нема против, а во салата се присутни 64 пратеника.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката.

**Минуваме на точката 6 - по стариот редослед - Предлог на одлука за основање на пратенички групи на Собранието на Република Македонија за билатерална парламентарна соработка.**

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес.

Молам кој бара збор? (Никој)

Бидејки никој не бара збор го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 60 пратеника од кои 59 за, 1 воздржан, нема против, а во салата се присутни 65 пратеника.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката.

**Минуваме на точката 7 - по стариот редослед - Предлог на одлука за именување на претседател, членови и нивни заменици на Комисијата за решавање на жалби од областа на конкуренцијата.**

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес.

Молам кој бара збор? (Никој)

Бидејки никој не бара збор го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 58 пратеника од кои 53 за, 4 воздржани, 1 против, а во салата се присутни 65 пратеника.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката.

**Минуваме на точката 8 - Предлог на одлука за изменување на Одлуката за разрешување и именување на членови на Одборот за контрола на материјално-финансиското работење на Јавното претприајтие Македонска радио телевизија.**

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Господине Мавровски повелете.

**Спиро Мавровски:** Во Извештајот за материјално-финансиското работење на Македонската телевизија за периодот 2002, 2003 и 2004 година се кажува она што тука го имаме само како образложение и ние треба да ја донесеме одлуката за изменвуање на Одлуката за разрешување и именвуање на членови на Одборот за контрола на материјално-финансиското работење.

Се променуваат два члена, господата Милчо Смилевски и Зоран Кацевски со госпоѓата Јорданка Јаневска и Љупчо Ерминовски. За мене е многу симптоматично Одборот за контрола е конституиран од ова Собрание на 13.01.2003 година, денеска сме 10.06.2005 година, овие двајца господа кои што ние ги избравме тука не присуствувале на ниедна седница на овој Одбор за кој што ние ги определивме. Едниот од нив за цело време ја земал надокнадата или надоместокот, оној што бил член на овој Одбор за контрола, другиот воопшто не се ни јавил. Сега прашање е дали после две години ние тука сите заедно повторно ќе избереме некој и треба д апоминат наредните две години за да знаеме дека некој не ја завршил својата работа.

Мислам дека во овој Извештај треба да внесеме некое временско ограничување дали се 6 месеци, дали се 3 месеци воопшто и на кој начин овие луѓе се предлагаат, а сите ние тука гласаме како пратеници и држиме до тоа дека овие луѓе ќе ја завршат својата работа чесно и поштено, а две години и повеќе луѓето не се јавиле во овој Одбор. Мислам дека на овој начин не придонесуваме апсолутно ништо како Собрание и како пратеници кои што сме го дале гласот за овие луѓе да ја обавуваат својата работа. Мислам дека мора тој контролен механизам, барем од претседателот на тие одбори што ги бираме да се поднесува извештај многу порано, а не вака на двеипол години. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам**,**

Можеби тоа е причината зошто се сменуваат, никогаш не е доцна.

Молам, дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејки никој друг не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 56 пратеника, од кои 54 за, 1 воздржан, 1 против, а во салата се присутни 64 пратеника.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуакта.

**Минуваме на точката 9 - по стариот редослед - Предлог на одлука за изменување на Одлука за именување на претседател,**

**потпретседател и членови на Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата.**

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес.

Молам кој бара збор? (Никој)

Бидејки никој не бара збор го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 55 пратеника од кои 52 за, 2 воздржан и 1 против, а во салата се присутни 64 пратеника.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката.

**Минуваме на точката 10 - по стариот редослед - Предлог за разрешување на претседател на Апелациониот суд во Штип.**

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес.

Молам кој бара збор? (Никој)

Бидејки никој не бара збор го заклучувам претресот.

Предлогот Македонка Поп Картова да биде разрешена од функцијата претседател на Апелациониот суд во Штип го ставам на галсање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 51 пратеника од кои 46 за, 2 воздржан и 3 против, а во салата се присутни...

Молам службите да го утврдат бројот.

Премногу пратеници влегуваат, излегуваат и не можам да го следам тоа.

(Службите го утврдуваат бројот на присутни пратеници).

Во салата се присутни 63 пратеника.

Констатирам дека Македонка Поп Картова е разрешена од функцијата претседател на Апелациониот суд во Штип по лично барање.

**Минуваме на точката 11 - Предлог за разрешување на судија на Апелациониот суд во Скопје.**

Предлогот ви е поделен.

Отворам претрес.

Молам кој бара збор? (Никој)

Бидејки никој не бара збор го заклучувам претресот.

Предлогот Коле Мангов да биде разрешена од функцијата судија на Апелациониот суд во Скопје го ставам на галсање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 54 пратеника од кои 52 за, нема воздржан и 2 против, а во салата се присутни 63 пратеника.

Констатирам дека Коле мангов е разрешен од судија на Апелациониот суд во Скопје по лично барање.

**Минуваме на точката 12 - Предлог за разрешување на јавен обвинител во Основното јавно обвинителство во Штип.**

Предлогот ви е поделен.

Отворам претрес.

Молам кој бара збор? (Никој)

Бидејки никој не бара збор го заклучувам претресот.

Предлогот Александар Наков да биде разрешен од функцијата Јавен обвинител во Основното јавно обвинителство во Штип.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 51 пратеника од кои 48 за, 2 воздржан и 1 против, а во салата се присутни 63 пратеника.

Констатирам дека Александар Наков е разрешен од функцијата јавен обвинител на Основното јавно обвинителство во Штип.

**Минуваме на точка 13 - Предлог на одлука за огласување избор на судии на основните судови во Тетово, Битола, Гевгелија, Скопје 1 - Скопје и Скопје 2 - Скопје.**

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи нема пријавено за збор, го заклучувам претресот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 55 пратеници, 54 за, 1 воздржан, нема против, а во салата се присутни 63 пратеници.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за огласување избор на судии на основните судови во Тетово, Битола, Гевгелија, Скопје 1 - Скопје и Скопје 2 - Скопје.

**Минуваме на точка 14 - Предлог на одлука за огласување именување заменик на јавниот обвинител во Вишото јавно обвинителство во Штип.**

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, со тоа го заклучувам претресот .

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 52 пратеници, 51 за, 1 воздржан, нема против, а во салата се присутни 63 пратеници.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за огласување именување заменик на јавниот обвинител во Вишото јавно обвинителство во Штип.

**Минуваме на точка 16 - Предлог за донесување на закон за ратификација на Протоколот кон Спогодбата за стабилизација и асоцијација меѓу Република Македонија од**

**една страна и Европските заедници и нивните земји членки од друга страна за Рамковна спогодба меѓу Република Македонија и Европската заедница за генералните принципи за учество на Република Македонија во програмите на заедницата со Предлог на закон.**

Претставници на Владата се вицепремиерката Радмила Шекеринска и некои од Министерството за надворешни работи.

Дали има претставник на Влада? (Нема)

Објавувам пауза од половина час, за да ги обезбедиме претставниците.

(По паузата седницата продолжи со работа во 12,05 часот)

Со седницата продолжи да раководи потпретседателот на Собранието на Република Македонија господинот Слободан Најдовски.

**Слободан Најдовски:** Да продолжиме со работа.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Молам службите да го утврдат точниот број на пратеници.

Продолжуваме со работа.

Минавме на точката 16 и претходно ја прочитавме.

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор пратеникот Лилјана Ивановска,

Повелете госпоѓо Ивановска.

**Лилјана Ивановска:** Благодарам потпретседателе, почитувани претставници на Влада, почитувани колеги пратеници.

Иако, вообичаено не дискутираме за ратификации на Протоколи, меѓутоа за ратификација на овој протокол кој што е многу важен за Република Македонија, како и други протоколи кои стануваат составен дел од правниот поредок на Република Македонија, сметам дека треба да се кажат некои работи.

Ратификацијата на овој протокол кој што претставува составен дел од Спогдбата за стабилизација и асоцијација претставува имплементација на полиликата после Самитот во Солун, особено учеството на земјите од Западен Балкан во програмите на заедниците. Од периодот после Самитот во Солун, Владата на Република Македонија, односно Секторот за интеграција вложија дополнителни напори во подготовката за учество во овие програми на заедницата и подготовка на администрацијата за овие програми.

Имплементацијата на оваа спогодба што значи учество на Република Македонија во 11 програми односно 7+ 4 тоа се 11 програми на заедницата ќе претставува тест на јавната администрација на надлежните министерства да работат по европски принципи односно да работат во рамките на пропишаните принципи, особено можноста и обврската за контактите за задолжените директорати во ЕУ, во Европската комисија при имплементација на овие програми. Тоа секако ќе преставува ограничувачки фактор роковите на имплементација на овие програми. Особено, што овие програми кои што се во анекс 1 од Протоколот се во ограничени рокови на користење на програмите, пред се, тоа се 2006, 2007 и 2008 година, така што јавната администрација и надлежните министерства треба многу активно да работат на ова поле, затоа што пропуштајќи ги овие рокови секако дека ќе испуштиме одредени средства за користење на овие програми и задолжените министерства, пред се тука се Министерството за образование, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за култура, Министерството за животна средина, кои што задолжените лица за имплементација на овие програми за користење и подготовка треба активно да работат, особено имајќи предвид дека нашата јавна администрација не е многу научена да работи во ограничени рокови и во квалитетна работа што го бараат европските начини на работа. Секако дека искористувањето, ефикасното искористување на овие програми заедницата ќе претставуваат тест истовремено и импулс и секако подготовка за идниот статус на Република Македонија, статусот на земја кандидат каде што се отвораат и други фондови за Република Македонија. Оваа подготовка е од исклучително значење на Република Макеоднија од сите аспекти на развој. Благодрам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓо Ивановска.

Има збор пратеникот Слободан Чашуле.

Повелете господине Чашуле.

**Слободан Чашуле:** Благодарам господине претседавач.

Се јавувам за збор за да ја исполнам обврската што ја добив и ја преземав пред Комисијата за европски прашања на Собранието на Република Македонија да се јавам како известител по оваа точка. Ова го правам со задоволство, бидејќи и како пратеник сметам дека ова е еден извонредно значаен документ за кој немам никакво сомневање дека ќе биде ратификуван, но за кој мислам дека заслужува да се каже збор, два, бидејќи означува нова фаза или нова етапа на нашиот пат кон целосно зачленување во Европската Унија.

Со овој документ што денес ќе го ратификуваме Република Македониај може да учествува во сите фондови за време на целиот процес на нејзината предкандидатура, преговори до самото влегување во Унијата. Оттааму, мислам дека ни се дава извонредно голема шанса да учествуваме и во едно преку учеството во овие фондови да црпиме повеќе и да добиеме во

конкретни резултати добивка која животот на нашите граѓани, нивната стабилност, сигурност и можноста рамноправно да трагаат по сопствената среќа, што во основа е дефиниција на демократијата, ќе бидат зацврстени. Точно е дека се наоѓаме временски во пред крај на еден буџет на Унијата, наспроти на почетокот на наредниот и дека многу од овие програми се при крај, некои исцрпени, но тоа воопшто не го ограничува нашето право и можност после ратификацијата на овој протокол да пристапиме кон сите нив, заради тоа што некои ќе продолжат во друга фаза, некои видоизменети, некои истоветни и ние ќе продолжиме на нив да учествуваме.

Затоа, ратификувајќи го овој документ, треба да сватиме дека истовремено ратификуваме крупна обврска, а тоа е она што ќе го контрибуираме во фондовите од каде што произлегуваат сите овие програми и проекти, ние ќе треба да бидеме вешти нудејќи издржливи, изцрпни и продуктивни проекти да повлечеме повеќе, бидејќи нам како држава ни треба многу за да можеме да влеземе во фазата на кандидатура подготвени и со извесен позитивен резултат.

На крај, должен сум како известител од Комисијата за европски прашања да пренесам дека нашата Комисија заклучи, со оглед на тоа што од ратификацијата на овој документ па натаму, ова Собрание ќе издвојува буџетски средства. Ќе ја овласти Владата да издвојува буџетски средства со кои ние ќе партиципираме во овие фондови, па Собранието т.е. Комисијата за европски прашања во рамките на своите надлежности договорени, зацврстени и допрецизирани со декларацијата што ова Собрание ја усвои за пристапување кон Европската Унија, ќе биде должна на Комисијата за европски прашања на секои три до шест месеци да поднесува писмена информација за тоа колку сме вложиле во фондовите и во програмите и колку сме искористиле, на кој начин и кои се резултатите од тоа. Така, ова наше Собрание ја добива на некој начин онаа вистинска, европска, надзорна улога врз трошењето на заедничките пари, но исто така сите ние пред нашата јавност преземаме неверојатно висока одговорност, а тоа е договореното, аплицираното, одобреното, да го спроведеме, оти поправен испит нема. Благодарам и се надевам дека едногласно ќе го усвоиме овој закон за ратификација.

**Слободан Најдовски:** Има збор пратеникот Ристова Каролина.

Повелете госпоѓо Ристова..

**Каролина Ристова:** Јас само кратко дополнување на колегата Чашуле да ги известам пратениците дека заедно со Извештајот од Комисијата за Европски прашања по однос на оваа точка од дневниот ред, од Владата е побарано и добиено и подетална информација. Значи, во прилог сега на самата Комисија, Информација за пристапување кон подготовките за учество во првата група на програмите на заеницата, со предлог заклучоци за определување на првата група. Значи, сите пратеници кои би сакале да се информираат подетално за тие програми за кои што станува збор во законот за ратификација, ќе ја имаат оваа информација во прилог на Иавештајот.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓа Ристова.

Констатирам дека нема повеќе пријавени за збор.

Го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесува на закон за ратификација на Протоколот кон Спогодбата за стабилизација и асоцијација меѓу Република Македонија од една страна и европските заедници и нивните земји членки од друга страна за Рамковна спогодба помеѓу Република Македонија и Европската заедница за генералните принципи за учество на Република Македонија во програмите на заедницата.

Пред да преминеме на гласање ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Преминуваме на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 55 пратеници, сите 55 пратеници гласале за, нема воздржан, нема против.

Молам, службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници, за да можеме да констатираме колку биле присутни во салата.

Во моментот на гласањето во салата биле присутни 62 пратеници, што значи гласањето е полноважно.

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Во салата се присутни 62 пратеници, од нив гласале 57, сите 57 пратеници гласале за, нема воздржани и нема против.

Констатирам дека е усвоен Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно-правната комисија поднесе амандман на член 1.

Отворам претрес по амандманот на член 1 поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за надворешни работи господинот Хасановиќ.

Повелете господине Хасановиќ.

**Фуад Хасановиќ:** Амандманот се прифаќа.

**Слободан Најдовски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел на Предлогот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (никој)

Констатирам дека нема пријавени за збор.

Го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 64 пратеници, 64 за, нема против, нема воздржан.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Протоколот кон Спогодбата за стабилизација и асоцијација меѓу Република Македонија од една страна и Европските заедници и нивните земји членки од друга страна за Рамковна спогодба меѓу Република Македонија и Европската заедница за агенералните принципи за учество на Република Македонија во програмите на заедницата, со Предлог на закон.

**Минуваме на точката 17 - Предлог за донесување на закон за ратификација на Протоколот кон Спогодбата за стабилизација и асоцијација меѓу Република Македонија од една страна и Европските заедници од друга страна за да се земе предвид пристапувањето на Чешката Република, Република Естонија, Република Кипар, Република Унгарија, Република Латвија, Република Литванија, Република Малта, Република Полска, Република Словенија и Словачката Република во Европската унија, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот со Предлог на законот и Извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Констатирам дека нема пријавени за збор.

Го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниов заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Протоколот кон Спогодбата за стабилизација и асоцијација меѓу Република Македонија од една страна и Европските заедници од друга страна за да се земе предвид пристапувањето на Чешката Република, Република Естонија, Република Кипар, Република Унгарија, Република Латвија, Република Литванија, Република Малта, Република Полска, Република Словенија и Словачката Република во Европската унија.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 62 пратеници, сите гласале за, нема воздржан, нема против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 61 пратеник, сите гласале за, нема воздржан, нема против.

Констатирам дека е усвоен Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно-правната комисија поднесе амандман на насловот на Предлогот на законот и на член 1.

Отворам претрес по амандманот на насловот на Предлогот на законот и на член 1, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за надворешни работи, господинот Фуад Хасановиќ.

Повелете господине Хасановиќ.

**Фуад Хасановиќ:** Амандманот се прифаќа.

**Слободан Најдовски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел на Предлогот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Констатирам дека никој не бара збор.

Го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Во салата се присутни 61 пратеник. Гласале вкупно 60 пратеници, 60 пратеници гласале за, нема воздржан, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Протоколот кон Спогодбата за стабилизација и асоцијација меѓу Република Македонија од една страна и Европските заедници и нивните земји членки од друга страна за да се земе предвид пристапувањето на Чешката Република, Република Естонија, Република Кипар, Република Унгарија, Република Латвија, Република Литванија, Република Малта, Република Полска, Република Словенија и Словачката Република во Европската унија.

**Минуваме на точката 18 - Предлог за донесување на закон за Ратификација на Спогодбата за развојна соработка меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Словенија, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор пратеникот Михајло Георгиевски.

Повелете господине Георгиевски.

**Михајло Георгиевски:** Почитуван потпретседателе, почитувани дами и господа пратеници и членови на Владата,

Комисијата за надворешна политика го разгледа овој документ и констатира дека до сега со Република Словенија дека до сега со Република Словенија Македонија имала одлична соработка на сите полиња, на политичко, економско и културно поле. Сега со овој документ, со оваа ратификација на Спогодбата се зацврстуваат односите на сите полиња и затоа констатирам дека овој закон, оваа ратификација е полезна, потребна и целисходна и затоа му предлага на Собранието да ја прифати, односно да гласа за овој закон.

Јас бев избран за известител, еве својата функција ја обавив.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Георгиевски.

Констатирам дека нема повеќе пријавени за збор.

Го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Спогодбата за развојна соработка меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Словенија.

Ве повикувам да гласаме.

Во салата се присутни 62 пратеника.

Вкупно гласале 60 пратеници, сите 60 пратеници гласале за, нема воздржан, нема против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Од присутни 62 пратеници, гласале 58 пратеници, сите 58 пратеници гласале за, нема воздржан, нема против.

Констатирам дека е усвоен Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Констатирам дека нема пријавени за збор.

Го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, сите гласале за, нема воздржан, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Спогодбата за развојна соработка меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Словенија.

**Минуваме на точка 19 - Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на државата Израел за соработка во областа на културата, образованието и науката, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор пратеникот Славица Грковска.

Повелете госпоѓице Грковска.

**Славица Грковска:** Благодарам, потпретседателе.

Би сакала да истакнам дека станува збор за исклучително важна спогодба, која што отвора можност за соработка на полето на образованието, науката и културата, која е од исклучително значење не само за образовните институции и за оние што ќе ја искористат, туку и за Република Македонија општо. Зошто е тоа така? Во Спогодбата се предвидува да се унапреди соработката меѓу научините организации и институции, да се овозможи размена на посети на универзитетски предавачи и научни истражувачи, да се поттикне соработката на заеднички научни проекти од взаемен интерес, размена на искуства на сите нивоа од образовниот систем и во различни гранки на науката и технологијата, да се разменат наставни програми и научна, педагошка и методолошка литература и други материјали кои се однесуваат на образовниот систем на двете земји, размена на информации во врска со компатибилноста и еквивалентноста на дипломите за завршено средно образование, научните степени и универзитетските дипломи.

Во посебниот дел кој што се однесува на спортот и млади, договорените страни се обврзуваат да ја поттикнуваат соработката меѓу младите на двете земји, да ги поттикнуваат контактите меѓу младинските организации и државните органи и институциите надлежни за активностите во однос на младите. Меѓутоа, исто така значајна соработка од областа на културата, на полето на размена на уметностите, музиката, балетот, драмата, литературата, книгите и други публикации

врзани со културата и уметноста, уметнички презентации, размена на предавачи и изложби итн.

Исто така, ќе се овозможи со оваа спогодба реализација на соработка и размена меѓу новинските агенции, органите надлежни за печатот, радиото и телевизијата, како и размена на претставниците од истите органи. Со оглед на тоа што станува збор за држава која има исклучително висок квалитетен образовен систем сметам дека е добро што Собранието ќе даде поддршка на оваа Спогодба, ќе ја ратификува и ќе овозможи поинтензивна соработка со Израел.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Констатирам дека нема повеќе пријавени за збор.

Го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на државата Израел за соработка во областа на културата, образованието и науката.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеници, 62 пратеници гласале за, нема воздржан, нема против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Во салата се присутни 62 пратеници, гласале 59 пратеници, сите 59 пратеници гласале за, нема воздржан, нема против.

Констатирам дека е усвоен Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, дали некој бара збор?

Констатирам дека нема пријавени за збор.

Го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, 61 пратеник гласал за, нема воздржан, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на државата Израел за соработка во областа на културата, образованието и науката.

**Минуваме на точката 20 - Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот помеѓу Владата на Република Македонија и Советот на министри на Република Албанија за заштита и одржлив развој на Охридското езеро и на неговиот слив, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор пратеникот Лалчевска Ристана.

Повелете госпоѓо Лалчевска.

**Ристана Лалчевска:** Благодарам господине потпретседателе.

Колеги пратеници, претставници на Влада,

Дозволете ми да кажам неколку збора за донесување на законот со кој ќе извршиме ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Советот на министри на Република Албанија за заштита и одржлив развој на Охридското езеро и на неговиот слив. Овој договор за кој станува збор, кој денес со закон ќе го ратификуваме, е исклучително значаен за регионот од кој јас доаѓам и ми дава целосна поддршка, што еве иако после една година вршиме ратификација се надевам дека работите ќе добијат свој тек, од проста причина што Охридското езеро во последните години бележи пад на она што значи негов еко систем и губење на ендемичните видови. Благодарам јас и граѓаните од овој регион за напорите кои ги направи Владата во соработка со Република Албанија да се дојде до заеднички договор, во кој ќе бидат утврдени правилата како со кои методи и на кои начини ќе се врши заштита на овој значаен еко систем и како ќе се врши мониторинг на целиот тој процес.

Кои се целите на договорот? Особено го поздравувам делот за заштита на ендемичните видови, пред се на пастрмката, која што сите ние знаеме дека е во фаза на исчезнување од Охридското езеро и се надевам дека со сите мерки кои ќе ги преземе Комитетот кој ќе се основа за мониторинг и преземање мерки за заштита на Охридкото езеро многу брзо ќе доведе до резултат и до раст на овој ендемичен вид кој го има само во овие води, а секако и сите оние други кои се под заштита на УНЕСКО како флора и фауна кои се ендемични и кои ги има исклучиво само во ова езеро.

Во договорот е предвидено во рок од три месеци да се основа Комитет кој Комитет ќе се грижи за целата таа работа, кој според мене е така речи идеално избалансиран според бројот на застапеност како од македонска страна така и од албанска страна и како структурна застапеност

од невладин сектор преку други структури кои можат да учествуваат во Комитетот. Се надевам дека овој рок најстрого ќе биде почитуван и дека после три месеци, сметано од денес, ќе профункционира Комитетот и веднаш ќе почне со работа, бидејќи ако велиме дека нешто е пет до дванаесет, јас би рекла дека состојбите со Охридското езеро се минута до дванаесет.

Давам лична поддршка, а и Либералната партија ќе даде поддршка за донесување на овој закон со кој ќе се изврши ратификација на овој договор кој е исклучително значаен за регионот.

На крајот би кажала и би дала поддршка во овој дел каде што ќе се подготвуваат активности за проширување на овој договор на целиот Преспанско-Охридски регион. Се надевам дека наскоро ќе биде проширен и ќе имаме заштита на целиот регион на двете езера комплетно.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓо Лалчевска.

Има збор пратеникот Цветанка Гашоска.

Повелете госпоѓо Гашоска.

**Цветанка Гашоска:** Благодарам господине потпретседателе.

Колеги пратеници, претставници на Влада,

Донесувањето на ваков закон е повеќе од потребно, особено кога ќе се земе предвид состојбата во која се наоѓа Македонското море. Впрочем, така го нарекле лимнолозите, еколозите, или научниците од светски глас. Охридското езеро е уште познато како музеј на живи фосили. Се упатува на фактот дека вака редок збир на флористичко - фаунистички форми ретко можат да се најдат на едно место. Нивната еволутивна важност особено е интересна заради староста на езерото, бара што подолг нивен опстанок во живеалиштето.

Тоа би било возможно доколку условите при кои што се формирала оваа флора и фауна останат исти или приближно исти, а се со цел овие форми и видови да бидат што подолго присутни во Езерото.

Овој езерски акватедиум сосема исправно е рангиран како посебно светско природно и културно богатство и е вборен во регистерот. Комитетот за управување со сливот беше формиран во рамките на проектот за заштита на Охридското езеро, но посебно од македонска страна и посебно од албанска страна. Одличен чекор е заштитата на сливот на Охридското езеро, а и на Езерото да биде заеднички од двете страни. Тоа беше предвидено и со физибилити студија од 1995 година, а заедничката грижа од двете страни со ратификација на договор на највисоко ниво ќе даде подобри резултати и во заштитата на ова наше единствено Езеро.

Мој предлог е во членот 5 алинеја 3 од овој закон како претставник од невладини организации да се вклучи член од Македонското лиминолошко друштво кој ќе ги донесе за правилно и стручно и научно толкување на проблемите околу заштитата на Охридското езеро и неговиот слив. Овој закон со задоволство ќе го поддржам. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓо Гашоска.

Има збор пратеникот Кире Гештаковски.

Повелете господине Гештаковски.

**Кире Гештаковски:** Благодарам господине потпретседателе, господа претставници од Владата, почитувани колеги, сакам да го поздравам донесувањето на ова законско решение со кое ќе се заштти и ќе се овозможи одржливиот развој на нашиот бисер Охридското езеро. Сакам во оваа прилика, да го прашам нашето Министерство дали се работи за склучување на договор меѓу Владата на Република Македонија и советите на министри на владите на Република Албанија и Република Грција за одржлив развој на Преспанското езеро и неговиот слив. Имено, состојбата е алармантна како со зачувување на рибниот фонд и неконтролираната употреба односно злоупотреба и криволов од страна на Република Албанија и неконтролираното користење на водата за наводнување на грчкото поле.

Мислам дека и со сливот на Преспанското езеро работата е критична бидејќи не е ништо направено да се соберат сите природни води односно од изворите, кладенците и реките кои што се сливаат во Преспанското езеро.

Би било пожелно да се работи на ваков закон и на ваков договор за да можеме и понатаму да зборуваме за одржлив развој на Преспанското езеро, а не да зборуваме за спас на Преспанското езеро како што ни се случи тоа со примерот на Дојранското езеро. Тоа потоа ќе не кошта и многу време и многу пари. Ви благодарам.

**Слободан Најдовски:** Ви благодарам господине Гештаковски.

Има збр господинот Слободан Чашуле.

Повелете господин Чашуле.

**Слободан Чашуле:** Се јавувам повторно за збор овој пат задлжен од Комисијата за надворешно политички прашања, да бидам нејзин известител. Комисијата на својата седница го разгледа Предлогот на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Советот на министри на Република Албанија за заштита на Охридското езеро и му препорачува на Собранието овој многу важен документ да го усвои.

Со оглед на тоа што сум и пратеник од петтата изборна единица би сакал и како известител и како пратеник да кажам збор два за овој значаен докумет.

Точно е дека премногу долго нашите езера како извонредно, не само природно во иднина тоа ќе биде и стратешко богатство ги запоставувавме и конечно по вонредниот напор што се вложи да се спаси Дојранското езеро, еве сега пристапуваме кон регулирање на нашите односи со Република Албанија во однос на искористувањето на едно од најважните европски езера, а тоа е Охридското езеро. И, се надевам и лично сметам дека грижата на пратеникот Гештаковски е на место кога вели дека сега кога овие две езера успеавме да ги ставиме во некаква функција, да го испуштиме и Преспанското кое е изложено на девастација, но тоа не е прашање на овој протокол и на овој документ, но добро е да се потсети за да не бидеме ставени во ситуација повторно да градиме нов скап систем за да вештачки му носиме вода на Преспанското езеро за да го зачуваме.

Од друга страна исто така сум свесен и многу согласен со фактот дека двете езера Преспанското и Охридското езеро се природна целина и кон неа треба да се однесуваме така, но во овој момент имаме вонредно значаен документ и тој треба да го ратификуваме. Ова е сериозен чекор напред и јас мислам дека по ратификацијата и имплементацијата на овој договор ќе уследи и сличен договор за Преспа.

Со договорот кој по доста тешки, макотрпни преговори во континуитет го водеа неколку влади на Република Македонија се предвидуваат две крупни работи и навистина задачи и тоа обврзувачки особено за страната што заедно со нас го користи езерото, тоа е Република Албанија.

Прво, со заеднички напор да се комплетира колекторот, да се изгради оној на страната на Република Албанија за да врз основа на тоа почнуваме полека природната контаминација со демографската експлозија во Подградец кој од неколку илјади прерасна во град од 35 илјади и претставува поголема опасност за Охридското езеро отколку рудните јаловишта дека со тоа ќе направиме еден значаен чекор, а овој документ ја обврзува Република Албанија на такво однесување, дава гаранција на странските партнери кои со донација ова ќе го поддржат и во крајна линија не мотивира и нас бидејќи и ние имаме парче од колекторот што треба да биде готово за да го дочуваме Езерото од луѓето.

Како втора фаза која е предвидена со овој договор е и расчистувањето на јаловиштата од рудниците кои се во непосредна близина на Езерото и претставуваат потенцијална опасност.

Ако го погледнеме овој документ пред нас само од два агла ќе речете дека е многу скромен. Скромен е во бројката, но е извонредно богат во опасноста што ќе ја спречиме ако се имплементира, ако се направи колекторот, а сите услови постојат и превземена јавна и меѓународна обврска и тука со овој документ, и, ако со тоа се пристапи кон расчистувањето на јаловиштето преку рециклирање на истата таа руда односно на таа јаловина во која има племенити метали и нашите инсталации кои што сега се приватизираат се кадарни нив да ги обработат, тогаш ќе имаме и како Република покрај трајната еколошка, животна корист, ќе имаме и економска корист.

Оттаму Комисијата имајќи ги предвид сите овие размислувања, сите овие факти, едногласно го усвои предлогот за ратификација на овој закон и јас како нејзин известител и пратеник од тој крај сесрдно ви препорачувам овој документ едногласно да го усвоиме. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Чашуле.

Конастатирам дека нема повеќе пријавени за збор.

Го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот Заклучок: Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Договорот помеѓу Владата на Република Македонија и Советот на министри на Република Албанија за заштита и одржлив развој на Охридското езеро и на неговиот слив.

Пред да ве повикам да гласаме, господинот Чашуле предложи едногласно да го усвоиме, но и да го усвоим едногласно нема да биде важечко, мислам дека немаме кворум.

Службите молам да утврдат колку имаме пратеници.

Сега службите да го утврдат точниот број. Ни недостасува уште еден пратеник.

Молам службите да ги подготват списоците за сите што се денес пријавени дека се присутни. Имам информација дека имаме пријавено над 85 пратеника, кои се пријавени дека денес се присутни на седница.

Имаме 61 пратеник и ве повикувам да гласаме.

Во салата се присутни 61 пратеник, гласале 53, сите 53 гласале за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Присутни се 61 пратеник, гласале 49, 49 гласале за, нема воздржан, нема против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Констатирам дека ема пријавени за збор.

Го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Присутни се 61 пратеник, гласале 48, 48 гласале за, нема воздржан, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Договорот помеѓу Владата на Република Македонија и Советот на министри на Република Албанија за заштита и одржлив развој на Охридско езеро и на неговиот слив.

**Минуваме на точка 21 - Предлог на годишна сметка на Буџетот на Република Македонија за 2004 година.**

Предлогот на годишната сметка на Буџетот на Република Македонија за 2004 година и Извештајот на Комисијата за финансирање и буџет ви се доставени.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор?

Има збор пратеникот Илија Китаноски. Се извинувам господине Китаноски.

Молам картица за претставниците на Министерството за финансии.

Господине заменик министер, сакате воведно излагање.

Има збор заменик министерот од Министерството за финансии, господинот Максуд Али.

Повелете господине Максуд.

**Максуд Али:** Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Годишната сметка на Буџетот на Република Македонија за 2004 година е изготвена согласно Законот за сметководството, за буџетите и буџетските корисници. Бидејќи Годишната сметка ги покажува дефинитивните резултати од извршувањето на Буџетот, таа открива како била спроведувана буџетската политика што ја утврдува законодавното тело, како работела извршната власт т.е. Владата и дали Буџетот завршил со рамнотежа или нерамнотежа односно дефицит или суфицит.

Во 2004 година вкупните буџетски приходи беа остварени во висина од 68.258 милиони денари односно 103,9% од планираните 65.708 милиони денари со ребалансот. Притоа, изворните приходи изнесуваа 56.984 милиони денари или 101,2% во однос на планот со ребалансот, додека приходите по однос на приватизација и странско и домашно задолжување изнесува 11.274 милиони денари.

Во структурата на вкупно остварените приходи во 2004 година даночните приходи учествуваат со 76,9% односно се реализираа во износ од 52.527 милиони денари или 101,8% во однос на планираниот износ од 51.616 милиони денари. Притоа, во рамките на вкупните приходи најголемо е учеството на данокот на додадена вредност со 37,7%.

Повисоко остварената наплата се должи пред се на даночните приходи, доминантно поради повисокото остварување кое беше забележано кај данокот на додадена вредност, при што реализацијата беше повисока во однос на планираната за 1.374 милиони денари. Ваквото остварување на приходите по основ на ДДВ произлезе како резултат на зајакнатата контрола на даночната и пазарната инспекција, односно зголемената фискализација со што се потврди фактот дека современиот даночен систем на данокот на додадена вредност со сите негови карактеристики особено ефикасноста успешно се применува. Исто така и приходите по основ на царини и други царински давачки за 2004 година беа реализирани со 109,7% односно 5.815 милиони денари во однос на проектираните 5.301 милион денари. Ваквото отстапување се должи пред се на зголемениот обем на увоз во текот на 2004 година.

Неданочните приходи за 2004 година се остварија во износ од 3.987 милиони денари, што претставува 100,3% во однос на планираните.

Приливот на средствата во централниот буџет по основ на капитални приходи се оствари во износ од 3.342 милиони денари, односно за 15% помалку во однос на иницијално проектираниот во износ од 3.941 милиони денари. Во структурата на капиталните приходи доминантно учество имаат приходите од продажба на капитални средства и тоа 3.159 милиони денари или 94,5% во вкупните капитални приходи, додека пак приходите од продажбата на земјиште и нематеријалните вложувања учествуваат со 5,5% или 183 милиони денари.

Во текот на 2004 година приходите по основ на донации се остварија во износ од 1.046 милиони денари во однос на планираните 1.042 милиони денари.

Задолжувањето по основ на странски кредити во 2004 година изнесуваше 1.530 милиони денари во однос на планираниот износ 3.132 милиони денари.

Вкупните расходи на Буџетот на Република Македонија за 2004 година беа остварени во висина од 63.744 милиони денари односно 97% од планираните со Ребалансот во износ од 65.708 милиони денари.

Во рамки на вкупните буџетски расходи, тековните расходи се остварија во износ од 49.615 милиони денари, што во однос на планираните износи претставува намалување од 2,4%.Во структурата на тековните расходи највисоко е учеството на тековните трансфери со 44%, расходите за плати, наемнини и надоместоци учествуваат со 42,2%, а 13,7% се однесуваат на расходите за стоки и услуги.

Реализацијата на вкупните расходи отстапуваше од планираната динамика во текот на 2004 година, односно се оствариja 1.889 милиони денари помалку во однос на планираните износи, притоа пониски остварувања беа забележани кај сите видови расходи.

Имено кај платите, наемнините и надоместоците отстапувањата од планираното изнесуваше 336 милиони денари, што во најголем дел се должеше на задоцнетата

динамика на реализација на планираните вработувања.

Исто така набавката на стоки и услуги, како и тековните трансфери се реализираа на пониско ниво од планираното во износ од 881 милион денари, што се должи на фискалната дисциплина и воспоствените зајакнати процедури за користење на буџетските средства.

Отстапувањето од планот што беше забележано и кај капиталните расходи во висина од 473 милиони денари, пред се поради неподготвеноста навреме да се отпочнат одредени проекти, како и зајакнатите процедури сврзани со јавните набавки и донесувањето на програмите, се со цел да се зголеми контролата и транспарентноста на јавната потрошувачка.

За отплата на главнината по домашен и надворешен долг во текот на 2004 година беа исплатени вкупно 7.132 милиони денари или 75 милиони денари помалку во однос на планираните со Ребалансот на Буџетот.

Повисоко остварените приходи, непридржувањето на планираната динамика на трошење на планираните средства од страна на буџетските корисници, пониската реализација на расходите, како и контролираната буџетска потрошувачка допринесоа до реализираното отстапување од планираниот дефицит за 2004 година во износ од 2.208 милиони денари и резултираше со суфицит во висина од 372 милиони денари, што пак позитивно се одрази врз одржувањето на вкупната макроекономска стабилност.

Остварениот суфицит во однос на планираниот дефицит за 2004 година делумно се должи и на осетно намалената реализација во последниот квартал од годината, кога се изврши реконструкцијата на Владата на Република Македонија. Имено, карактеристично за вакви ситуации е на новите ресорни министри да им биде потребен период за подетално осознавање и продолжување со веќе започнатите, односно започнување на новите проекти.

Сето ова укажува дека во текот на 2004 година, фискалната политика беше водена во согласност со поставените цели за постигнување и одржување на макроекономската стабилност, како и остварување на напорите за поголема рационалност од страна на владиниот сектор за суштинските функции на државата во 2004 година.

Составен дел на годишната сметка се и годишните сметки на општините и на вонбуџетските сметки.

Ви благодарам за вниманието.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине заменик министер.

По барање на службите од техниката, нешто да се среди во врска со системот, давам пауза од 15 минути.

(Паузата започна во 13,10 часот).

(по паузата )

Седницата продолжи со работа во 13,20 часот)

**Слободан Најдовски:** Продолжуваме со работа.

Има збор пратеникот Илија Китановски.

**Илија Китановски:** Почитувани колеги, господине заменик министер,

Пред нас е завршната семтка односно консолидираниот Буџет на централната власт и фондовите и буџетите на единиците на локална самоуправа за 2004 година.

Поднесувањето на завршната сметка на нормална стандардна процедура е анализата на податоците односно на целокупната завршна сметка вклучително тука и образложенијата можат да бидат навистина една добра основа за анализа на целокупната економска состојба во годината за која што се поднесува завршната сметка на Буџетот. Во случајот тоа е 2004 година, годината која што според сите економски показатели е најлошата економска година во историјата на Република Македонија како самостојна држава, година во која што не се оствари проектираниот пораст на бруто домашниот производ, односно година во која што во првите два квартали имавме пад на бруто домашниот производ како резултат на огромниот пад на индустриското производство. Како резултат на сето тоа не се оствари проектираниот вкупен пораст на бруто домашниот производ за разлика од претходната година тој беше половина од предвидувањата.

Би започнал со анализата на остварувањето на Буџетот и со споредбените показатели кои што ги имаме и во завршната сметка, меѓутоа многу повеќе во образложението каде што сите споредбени показатели се споредуваат, остварувањето на Буџетот за 2004 година со ревидираниот буџет кој што е донесен во септември 2004 година. Јас во моето излагање би сакал да се осврнам на споредбите помеѓу проектираниот Буџет односно проектираните стапки за 2004 година, значи нереализираниот и остварениот Буџет затоа што тоа е сметам соодветна споредба за да може да се извлечат заклучоци за економските текови, за собирањето на приходите во Буџетот и нивното трошење по позиции, ставки итн. Значи во оваа анализа би сакал да потенцирам дека споредбата ја правам за да не имаме недоразбирање со бројките кои што се во проектираниот буџет и остварениот, а не во ревидираниот, кој што во анализата на Министерството за финансии во образложението се врз основа на ребалансот на Буџетот донесен во септември 2004 година.

Кај вкупните приходи имаме потфрлање од 1,6 милијарди денари кое што скоро целосно е резултат на слабата реализација на даноците од планираното. При тоа најголемо потфрлање имаме кај данокот од добивка и тоа за 1/3 ; кај персоналниот данок околу 400 милиони денари,

кај акцизите и скоро кај сите останати извори на приходи освен ДДВ.

Помалите приходи од данокот на добивка и од персоналниот данок се најдобар показател и индикатор на она што претходно го говорев односно на тоа дека во 2004 година имаме навистина огромен пад во економијата, или Управата за јавни приходи не ги собрала даноците како што биле предвидени и планирани.

Потфрлање според овие споредбени показатели, значи проектираниот и остварениот буџет има дури и кај царините и покрај тоа што во 2004 година увозот на стоки е зголемен дури за цели 25%. Затоа не може да држи објаснувањето во образложението дека царинските стапки се намалени поради преземените обврски кон СТО и Договорот за стабилизација и асоцијација и тоа е една од причините за нереализирање на очекуваниот поголем прилив на средства по основ на царина.

Од целокупната анализа на ова што го видовме во Буџетот, во завршната сметка и во образложението односно во анализата навистина најголема енигма претставува данокот на додадена вредност односно неговата реализација и се поставува прашањето навистина како е можно ако сите останати даноци по планот се пот планот, некои далеку под планот ДДВ да биде остварен над планот и тоа за цели 1,8 милијарди денари. Мислам дека во прашање е задоцнето враќање на ДДВ на крајот на 2004 година за да се прикаже поголеми приходи во Буџетот. Како потврда на ова е одредено потфрлање на приходите на ДДВ на почетокот на 2005 година.

Исто така од анализата интересно е што и покрај потфрлањето на приходите на Буџетот на цели 1,6 милијарди денари наместо да се оствари дефицит и поголем од предвидениот Владата ја завршува годината со вишок од околу 300 милиони денари. Тоа е она што се повторува 2003 година, а веќе испробан рецепт на Владата, кратењето на капиталните инвестиции од Буџетот. Тие се намалени за цели 2,6 милијарди денари. Значи 40 милиони евра помалку од предвиденото. Во услови кога имаме и онака ниско ниво на приватни инвестиции и едни од најниските јавни инвестиции во регионот неприфатливо е како може со една вака невидена леснотија и така бего да се помине врз тоа, а констатациите се дури од јавноста и од некои од колегите од позицијата дека навистина тоа е недопуштено. Значи, како може да се дозволи да не се реализираат планираните инвестиции. Затоа ни се случува училиштата низ Републиката да ни се распаѓаат, каналите за наводнување се во очајна состојба и поради тоа , а и покрај другите причини имаме постојано поплави или опасности од поплави, изградбата на некои патни правци постојано се одложува итн. итн.

Разочарувачки е што поради слабиот капацитет на Владата веќе втора година по ред ни се случува огромно потфрлање во реализацијата на јавните инвестиции. Тука имаме едно образложение дека едно од оправдувањата е дека отстапувањето од планот кај капиталните расходи е резултат на новиот Закон за јавни набавки, кој беше донесен во почетокот на годината со кој беа зајакните процедурите кај јавните набавки итн. итн. Тоа е причината за тоа.

Гледајќи ги завршните сметки кај фондовите посебно, а и за извршените ревизии од страна на Државниот завод за ревизија во некој од фондовите навистина не можеме никако да констатираме дека Законот за јавни набавки бил пречка за реализација на инвестициите, бидејќи во некој од нив не се почитувани процедурите ни од новиот ни од стариот закон за јавни набавки, така да ова образложение навистина не држи.

Исто така она што е интересно, е некои движења во финансиската сметка во Буџетот, како што се приходите од донации. Од донации биле предвидени 2,2 милијарди денари, а реализирани се цирка само една милијарда денари, значи потфрлено е над 50%.

Кај странските заеми има потфрлање од една милијарда денари.

Во контекст на ова би сакал да нагласам дека обично странските донации, странските заеми секогаш се врзани со исполнување на некои предуслови од страна на Владата. Најчесто тоа се структурни реформи. Фактот што овие средства биле ветени од меѓународните институции, ЕУ, Кралството Холандија и други меѓународни институции и држави, а не биле реализирани говори само едно дека веројатно Владата не ги извршила превземените обврски во областа на структурните реформи и затоа добар дел од предвидените донации и странски кредити не се реализирани.

На крајнот би сакал да се осврнам на расходниот дел, каде има неколку интересни работи за кои што би сакал да чујам или толкување или одговор.

На пример во Службата за општи и заеднички работи, во расходниот дел зборувам, во 2004 година има потрошено 189.254.415,00 денари, иако во Буџетот за 2004 година имало планирано нула денари. Зошто овие средства претходно не биле планирани и за какви возила, мислам дека за возила се употребени.

Исто така кај Службата за општи и заеднички работи под ставката резрва има една солидна сума од 2.101.827,00 денари, а во почетокот било предвидено нула денари.

И уште една забелешка околу оваа Служба.

Значи, Буџетот на целата Служба од планираните е зголемен за цели 160 милиони денари.

Ова се само од забелешките од расходниот дел каде што имаме реализација на реализираните

приходи односно реализација по министерства, по ставки, по подставки, по позиции, меѓутоа генерално сметам дека од Завршната сметка за 2004 година се гледа дека тоа е година во која што имаме пад на економијата, меѓутоа тоа не е. Веројатно единствената причина на потфрлање на најголем дел на изворните приходи иако вкупно, бидејќи натфрлањето на приходите по основ на ДДВ е толку големо што ги покрива сите овие потфрлања скоро во сите останати позиции на изворни приходи на Државниот буџет.

Мислам дека излагањето за Завршната сметка, или за Буџетот за 2004 година односно за неговата реализација ќе го завршам со констатацијата дека навистина со овие показатели не дај боже да ни се повторат вакви или слични кога ќе го анализираме Буџетот односно Завршната сметка за 2005 година односно не дај боже да се повтори економската и финансиската 2004 година.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Има збор пратеникот Спиро Мавровски.

Повелете господине Мавровски.

**Спиро Мавровски:** Благодарам господине потпретседателе.

Почитуван заменик министер ова што го слушнавме Предлогот на Завршната сметка на Буџетот на Република Македонија  за 2004 година и повторно разликата меѓу остварените приходи и извршените расходи во износ од 4 милијарди и 513 милиони, значи суфицит, повторно покажува она што вие ќе кажувате дека е добро и домаќинско работење затоа што се покажал суфицитот, но во основа овие средства едноставно некој не знаел да ги искористи, не ги искористил и тоа се повторува за жал 2003 година кога дел од тогашните министри кои цело време кажуваат дека имале проблем, дека немале средства, што го слушавме и во текот на цела 2004 година стигнаа во ситуација во своите министерства да имаат реализација меѓу 60 и 75%. Истото се случи и сега.Овие 4 милијарди мислам дека е страшно, затоа што сите гледавме како 2004 година почна со тоа што падот на индустриското производство се движеше во некои енормно високи граници, дури незамисливи за државите во ЕУ и посебно за оние кои што се кандидати за членство, меѓу кои што се вбројуваме и ние, така да двоцифрените бројки над 20-30%, кои што се спомнуваат за првите три месеци донесоа во ситуација бруто домашниот производ да доживее пад наместо да имаме развој и она што го тврдевме некаде со развој од 4 до 6%, 6% беше предвидувањето во 2002 година, но потоа се сведе тоа на некои пореални граници од 4% а стигнавме да бидеме задоволни со 1,5 до 2% ако има воопшто раст. Ова покажува дека апсолутно одредени министерства и министри во нив апсолутно не си ја вршат својата работа, или поточно кажано не знаат да ја работат својата работа затоа што останувањето на овие средства кои што треба да бидат вклучени во она што во моментот го гледаме индустриското производство и инвестициите и покрај тоа што инвестициите што доаѓаат однадвор се сеуште многу мали за да можеме да видиме ние некој прираст, и овие средства можеби се мали, но да останат неискористени во една ваква година кога апсолутно ништо не се работи во државата мислам дека е катастрофална состојба и тоа покажува дека час поскоро министрите кои што ќе покажат, многу брзо ќе треба да ги видиме и тие листи, проценти на реализација на она што го предвиделе а не го оствариле дека повторно треба да си заминат, или време е за некои поголеми промени.

Крајот на 2004 година завршуваше со нешто што значеше повторно репрограмирање на Буџетот на Република Македонија и тогаш многу се говореше дека застојот и оние пари што не биле искористени се токму поради јавните набавки и новиот Закон за јавни набавки кој придонесе да имаме застој во економскиот развој и дека на тој начин доколку го елиминираме со прецизност и точност поради тоа што јавните набавки биле еден од предусловите за криминални дејанија за жал не се успеа ни во едното ни во другото. Ниту законот за јавните набавки е закон, кој што како што тогаш го критикувавме дека ќе може да придонесе за брз развој и работа на претпријатијата кој што го применуваат, тоа се покажа дека е сосема точно, но од друга страна Државниот завод за ревизија и Извештајот кој што го достави до нас пратениците, за кој што расправавме минатата седница укажува дека апсолутно тука кај тие јавни набавки се извршени најголемиот број на неправилности. Значи, имаме две работи. Едната е репрограмирањето на Буџетот и она што значеше Закон за јавни набавки. Значи, ниту едното се покажа успешно, другото уште помалку. Затоа ова што сите го посакуваме конечно Република Македонија тоа што значи донации, можеби не е место овие средства се премногу мали за да можат нешто да кажат дека во Република Македонија тие донации ќе доведат до нешто капитално, значи инвестициите тоа е целта и тоа е она што сите треба да се потрудиме да можат да влезат. Но вака како што работиме и ова што самите не знаеме од оние пари што ги имаме да незнаеме да ги потрошиме мислам дека е многу тешко да направиме некои поголеми проекти кои што ќе донесат поголем број на вработувања и кои што ќе обезбедат граѓаните понатаму да ја почувствуваат добробитта на она што се случува во државата.

Во овој момент мислам дека е време, после ова тука што ни е презентирана како завршна сметка на Буџетот многу министерства да си ја понесат лсвојата одговорност и да имаат доблест уште веднаш да си поднесат оставка, да не чекаат од никого да бидат сменети.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Мавровски.

Констатирам дека повеќе нема пријавени за збор.

Го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на годишната сметка на Буџетот на Република Македонија за 2004 година.

Комисијата за финансирање и буџет поднесе амандман за бришење на преамбулата на Годишната сметка со кој се согласил претставникот на Владата и тој е составен дел на текстот на Предлогот на годишната сметка на Буџетот на Република Македонија за 2004 година.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на Годишната сметка на Буџетот на Република Македонија за 2004 година.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на Годишната сметка на Буџетот на Република Македонија за 2004 година го ставам на гласање.

Пред да преминеме да гласаме молам да видиме колку имаме присутни и ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Молам, службите да го утврдат точниот број на пратеници.

Уште еднаш ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Според списокот кој што го имам пријавени се 89, 90 пратеници дека се денес присутни. Моментално имаме 58 пратеници кои се во салата. Недостасува само еден пратеник за да имаме кворум и да ја изгласаме оваа точка. Еве го претседателот на Комисијата за финансирање, но сега друг пратеник ни излезе. Пратеникот кој во 13,30 часот се потпиша дека треба да земе дневница, ќе ги прочитаме за пет минути ако не обезбедиме кворум, ќе ги прочитаме со ред сите пратеници кои се потпишале да земат дневница и да земат патни трошоци, а не се присутни. Ви кажав дека имаме 90 потпишани пратеници кои се денес присутни.

Сега имаме кворум.

Преминуваме на гласање.

Во салата се присутни 62 пратеници.

Ве повикувам да гласаме.

Предлогот на годишната сметка на Буџетот на Република Македонија за 2004 година го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеници, 52 пратеници гласале за, 7 воздржани и 3 против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Годишната сметка на Буџетот на Република Македонија за 2004 година.

**Минуваме на точка 22 - Предлог за донесување на закон за дополнување на законот за експропријација, со предлог на закон.**

Предлогот за донесување на закон, со Предлогот на закон и извештаите на работните тела на Собранието, ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Збор има пратеникот Китановски Илија.

Повелете господине Китановски.

Да планираме некаде до паузата за ручек да привршувате со дискусијата или ако имате уште некоја минута после тоа не е проблем.

**Илија Китановски:** Во ред, ќе се обидам.

Господине потпретседателе, почитуван заменик министер, почитувани колеги.

Навистина за овие 10-тина дена откако го добивме овој закон, значи предлогот на закон за . . .

**Слободан Најдовски:** Момент, господине Китановски, момент за оние кои што сакаат да излезат.

Продолжете.

**Илија Китановски:** Значи, откако го добивме текстот на Предлогот за донесување на закон, за дополнување на законот за експропријација, со Предлог на закон, овие десетина дена и меѓувреме на седницата на Комисијата за финансирање и буџет и пред тоа и после тоа навистина бидејќи законот не е обемен и образложението исто така е доста кратко, навистина се трудев и буквално неколку пати го прочитав и текстот на законот и образложението и се трудев да сватам која е намерата на предлагачот на Владата на Република Македонија да предлага еден закон со кој што во Република Македонија се враќа една пракса односно се враќа една ситуација која што беше присутна до донесување на законот за градежно земјиште односно кога целокупното градежно земјиште во Република Македонија беше национализирано, значи, не беше во приватна сопственост и постоеше една категорија на користење на тоа земјиште односно на владение на неопределено време. Едноставно, целокупното градежно земјиште не беше во промет, немаше сопственик односно сопственик беше државата, мислам беше национализирано. Тоа беше една од главните пречки, да речам, еден од поголемите проблеми кои што се како се заоставштина од претходниот систем каде што градежното земјиште беше национализирано. Во тој и таков систем и во Законот за експропријација постоеше решение, кое што сега се предвидува, а тоа е да се врши експропријација односно да се врши нарушување и загрозување на приватната сопственост на земјиштето, на приватна индивидуа без притоа да се оствари јавен

интерес. Значи, единствен основ за вршење на експропријација е осстварување на јавен интерес односно за изградба на објекти кои што се од јавен интерес. Тоа се улици, патишта, мостови, тротоари и се она што претставува јавен интерес, меѓутоа, никако индивидуални згради, никако деловни објекти, никако објекти кои што се во приватна сопственост. Токму тоа во суштина ни го нуди овој предлог закон. Значи, не враќа десетина години наназад и во целокупниот текст и во образложението навистина не прочитав ниту една земја членка на ЕУ, ниту една земја нечленка на ЕУ, ниту една европска повелба, ниту директива, ниту нешто слично, дека вакво нешто што сега се предлага има или слично на нтоа постои во некоја европска земја, а посебно не пак во земјите на ЕУ кон која што сите се стремиме и го усогласуваме нашето законодавство. Затоа и моето излагање го почнав вака на овој начин, затоа што навистина искрено не можам да се изначудам која е причината, кој е мотивот да се нуди едно ретроградно законско решение и измена во Законот за експропријација и за јавен интерес да се прогласува изградба на приватни објекти, без разлика дека со тоа се реализира урбанистичкиот план. Значи, предложениот закон за дополнување на Законот за експропријација, покрај тоа што е во спротивност со Уставот на Република Македонија, каде што правото на приватна сопственост е неприкосновено право и темелна вредност на нашиот систем, туку е и во директна спротивност и со Законот за сопственост и на други стварни права, кој е закон кој подетално ја регулира оваа материја, иако и тој се цитира во добар дел од овие образложенија.

Имено, како што Уставот на Република Македонија го гарантира правото на сопственост и Законот за сопственост и други стварни права, член 10 забранува одземање или ограничување на правата на сопственост, освен кога се работи за јавен интерес. Значи, со овој закон буквално се утврдува еден институт, остварување на предимствено право, кое што, ќе повторам уште еднаш, го нема во ниедна друга земја или држава како институт во сегашно време, можеби го имало во минатите времиња во земјите на Источна Европа и во нашата земја, меѓутоа, таа институција не постои. Бидејќи со таа институција се врши одземање на приватна сопственост и се врши ограничување на користењето на таа приватна сопственост, на индивидуата без притоа да се оствари тој јавен интерес.

Тука во образложението стои дека јавен интерес е реализацијата на урбанистичките планови и облагодарувањето на просторот итн., и дека тој јавен интерес практично го дерогирав правото на индивидуална сопственост и на слободно располагање на приватната сопственост на оној кој што ја поседува, освен со јавен интерес утврден со закон. Во суштина овде со овој закон се предлага, ќе повторам уште еднаш, за јавен интерес да се прогласи изградба на индивидуални, приватни станбени, деловни и други објекти. Тоа никаде го нема и мислам дека со тоа ќе појдеме во една друга крајност. Прво, ќе го затрпаме судството со спорови кои што во минатиот период до 1990 и некоја година се водеа во управна постапка за остварување на предимствено право и докомплетирање на градежни парцели каде што немаше комшија кој што не беше скаран со комшијата до него, заради тоа што со овој закон на овој начин е принуден да му го одземе земјиштето кое што е во негова сопственост, а навлегува кај него 20%, 30%, 5 квадарати, 50 квадрати или незнам колку. Тоа е една од последиците која што можеби е и помала во овој момент. Меѓутоа, главната е дека се нарушува правото на приватна сопственост, што е темелна вредност зацртана во Уставот и никаков закон, никакво прогласување за јавен интерес за изградба на приватни објекти, макар да тие биле и со цел на реализација на урбанистичкиот план, не може да го дерогира тоа право. Не може и не смее ако сме навистина правна држава која што се стреми да влезе во ЕУ. Јас навистина се обидов да ја разберам намерата на предлагачот ако била таа за во еден дел на случаи кои што се јавуваат, а тоа е оправдување, мислам барав оправдување зошто е предложено едно вакво чудно решение, можеби најмногу во делот каде што имаме наследници на градежни парцели и каде што тие имаат идеална половина или некои имаат повеќе од половина, двајца имаат по една четвртина итн. Тука можеби се бара, еве, со најдобра намера причината, добрата намера на предлагачот на Владата зошто се предлага еден ваков ретрограден закон. Меѓутоа, тоа се само можеби 10% од сите овие случаи кои што понатаму овој закон можат да го злоупотребуваат за 1001 манипулација дали помеѓу странките, дали помеѓу државата и странките, дали помеѓу други институции и странки итн. И во минатото во таа управна постапка ваквата одредба беше, иако постоеше и функционираше беше извор на најмногу злоупотреби на најмногу судски спорови, најмногу кавги и инциденти помеѓу граѓаните. Значи, ставот дека со реализирање на јавниот интерес со реализација на урбанистичкиот план и дека тоа е јавен интерес можеби донекаде држи вода, меѓутоа, не може да се третира само за случаи каде што имаме парцели за повеќе сопственици. Ако е тоа така и ако е тоа јавен интрес, тогаш како државата со закон или со било каков друг акт ќе ги принуди сопствениците на оние парцели кои што се 100% сопственици на една парцела, а немаат намера да градат во овој век. Едноставно сакаат да им го прерпуштат тоа на нивните деца и на нивните поколенија. И никој, ќе повторам, никој нема мправо да им го ограничи тоа право на сопственост и да вршат, мислам едноставно таа сопственост во овој случај градежно земјиште, ја оставаат во наследство на своите идни поколенија, наследници или да го продаваат

итн. Значи, овде во овој случај причината, образложението кое што е дадено дека е јавен интерес може да биде реализација на урбанистичкиот план не држи, затоа што вакви парцели мешани во вкупниот број се можеби 5-6%, сите останати се парцели каде што има еден единствен сопственик и нив ниту овој закон, ниту било кој друг не може да ги натера да мора да градат сега, по пет години, по 10 години или по 50 години. Буквално можат никогаш да не изградат и не постои сила, освен нивниот економски интерес. Мислам дека овде предлагачот можеби со некој друг закон или со некое друго решение може во вакви спорни случаи, каде што имаме спорови и каде што имаме наследници, каде што не можат да го реализираат останатите наследници своето право, заради тоа што дел од нив не сакаат, да го остави сепак на нивниот економски интерес, затоа што тој е оној фактор, најголем што ќе може да ги натера да ги обедини и едноставно да ги направи да склучат спогодба во било кој вид која што ќе овозможи градба на објект на тоа место. И пак ќе повторам, што со оние парцели кадед што имаме чиста сопственост од 1 човек, како нив ќе ги натераме да го воспостават односно да го реализираат јавниот интерес што овој закон го предлага, а тоа е реализација на урбанистичкиот план. Мислам дека овде коренот лежи во друго, мислам коренот на овие проблеми кои што веројатно сакаат да се решат со овој закон, ама на многу несреќен и неуставен начин во креирањето на урбанистичките планови. Мислам дека тука лежи зајакот и дека навистина во иднина при обновата на деталните урбанистички планови, при носењето на нови детални урбанистички планови, мора да се води сметка не како во минатото, најмногу за сопственоста на земјиштето. Значи, градежните парцели да коинцидираат или барем при нивно цртање да се води сметка за сопственоста на катастарските парцели за да немаме потреба од донесување на вакви смешни предлози, кои што се неуставни, против законски и кои што ќе направат хаос во оваа сфера. Од правен аспект освен што е неуставен и во спротивност со законот. . .

**Слободан Најдовски:** Господине Китановски ви поминаа вашите минути за дискусија.

**Илија Китановски:** Господине потпретседателе, завршувам за две минути.

Значи, освен што е во спротивност со Уставот и со Законот за сопственост и други стварни права, самиот закон предвидува за остварувањето на предимственото право како категорија што веќе се воведува, ќе повторам која што ја нема никаде и затоа немаме овде цитирано ниту една повелба, декларација, директива од ЕУ, пример од некоја Западно-европска земја немаме, затоа што нема таков случај.

Покрај тоа, за остварување на предимственото право се востановува судска надлежност и се уредува судска постапка, за да се оствари таквото право. Одредбите од предлогот на законот се одредби со кои д 45, членот 45 е, ж, и, и се одредби со кои се уредува постапката пред судот за остварување на предимствено право на градба при која сопствениците на градежно земјиште се странки во постапката, вон процесна постапка.

Според Уставната одредба, член 98, постапките, процесното право поо кои постапуваат судовите се уредува со закон што се донесува со двотретинско мнозинство од бројот на пратениците во Собранието на Република Македонија. Ете, уште еден формално правен проблем за донесување на овој закон. Ние на Комисијата за финансирање и буџет имавме, се надевам, плодна расправа за ова и мислам дека најмалку што треба да сторат предлагачите да го повлечат овој закон и меѓу време да се изнајде решение за намерата која што сакале да ја остварат, меѓутоа, не со ваков закон, не на овој начин, затоа што е против уставен, затоа што и неговото донесување ќе биде противуставно, бидејќи сигурно ќе се инсистира на просто мнозинство и мислам дека најдоброто што може да се стори е да се повлече овој закон.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Китановски.

Објавувам пауза до 15,00 часот.

(По паузата седницата продолжи во 15,05 часот)

**Слободан Најдовски:** Продолжуваме со работа.

Има збор пратеникот Зоран Крстевски.

Повелете господине Крстевски.

**Зоран Крстевски:** Благодарам господине потпретседател.

Законот кој денес го разгледуваме, односно дополнувањето на Законот за експропријација, со Предлог на закон, е може да се каже закон кој наместо да ја поттикне изградбата на неизграденото градежно земјиште всушност ќе ја поттикне урбаната мафија во Република Македонија преку закон да ги освои и оние имоти кои од причини на право на предимство на купување до сега не можеле да се завршат и на тој начин да се оствари правото на градба.

Овој закон е антиевропски закон, нема ништо реформско во него. Овој закон толку ќе ја искомплицира примената на некои од постојните закони кои ја уредуваат оваа област и во многу се става под знак прашање уставното начело на правото на сопственост како една од темелните вредности на нашиот правен поредок.

Оттука, се поставува прашање зошто Владата го предлага овој закон, овој закон кој ќе создаде така да речам морален хазард, бидејки сме сведоци дека добар дел од урбаните планови кои постојат во Република Македонија од вакви или такви причини, политички или интересни причини, под притисок се менувале и преку ноќ

таму каде што бил предвиден парк никнуваат згради, таму каде што треба фабрика никнува нешто друго и т.н.

Според тоа, требаше едно длабоко образложение, посебно да биде тука присутен минситерот за финансии и минситерот за транспорт и врски, да ни ги објаснат причините зошто се посегнува по приватната сопственост и зошто се користи  инструментот експропријација кој по дефиниција значи остварување на јавен интерес на државата, односно купување на земјиште кое е во приватна сопственост. Значи и да се сакало со овој закон да се уреди материјата на предимство на градба, не му е тука местото и не можете со инструмент на државата предимството на правото на купување да го уредите на начин на кој овде е предложено. Државата не може да се јави во таква функција. Државата може да се јави да го експроприра само она земјиште во сопственост на граѓаните, на приватните лица, кога ќе го утврди јавниот интерес, а тоа најчесто се поклопува со интересот на државата, на граѓаните да се градат инфраструктурни објекти од јавен карактер, дали се тоа аеродроми, патишта, канализации, водоводи и т.н.

Според тоа, се поставува прашање зошто анафалбетски се користи експропријацијата, дали има некоја друга намена, во што јас лично не би сакал да верувам дека ние го враќаме системот назад. Не сакам да верувам во една изјава на еден поранешен амбасадор во Република Македонија, кој во состојбите овде препознава враќање на нешто што сме го надминале пред15 години. Едноставно ако сме се решиле за евроинтеграции, ако сме се решиле за пазарно стопанство и ако сме се решиле сопственоста да биде светиња, вакви прописи не би требало да носиме.

Законот е доста нејасен и од терминолошка природа, неусогласен со други закони од оваа сфера. Употребува поим "повеќе сопственици", "сосопственици", па ги изедначува на "сосопственици" и т.н. Сето тоа што не е јасно во законот ќе се удри како бумеранг, но не од главата на власта, Владата и администрацијата, туку од главата на граѓаните кои ќе заведат спорови кои ќе бидат многу долги со тешки последици во гарантирањето на еднаквоста на правото на сопственост на граѓаните пред законот.

На седницата мислам дека е присутен заменик минситерот и не знам дали до тој степен има мандат, но би било коректно за едно вакво крупно прашање, ако ништо друго постапката за изменување и дополнување да се води во две фази за да може и компетентната стручна јавност да се вклучи и да се видат компаративните анализи, да се види што точно треба да се нарпави за да се унапреди или забрза изградбата на неизграденото градежно земјиште и таму каде што постојат законси предуслови, значи има дефинирани урбани планови, има заинтересирани инвеститори и т.н. На овој начин тоа не може да се постигне, државата кога експроприра, таа купува приватна сопственост. Во овој случај државата во име на некој друг приватен сопственик го дава тоа право, а тоа е спротивно на нашиот правен поредок.

Затоа, мислам дека би било корисно овој закон да биде повлечен уште во стартот на оваа дебата.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Крстевски.

Има збор пратеникот Љупчо Балковски.

Повелете господине Балковски.

**Љупчо Балковски:** Благодарам потпретседателе.

Почитувани пратеници, претставници на Министерството за финансии,

Веднаш на почетокот, како и останатите колеги, го давам предлогот овој закон да се повлече сега од дискусија и од расправа, затоа што навистина ако се усвои, а ќе се усвои штом е ставен на дневен ред, не гледам дури и претставниците на Министерството воопшто не кажуваат зошто го поднесуваат овој Предлог на закон. Ако се усвои, овој закон ќе нанесе навистина голема штета кај сопствениците на градежното земјиште во Република Македонија. Зошто го кажувам ова? Го кажувам од едноставна причина затоа што сопственоста е загарантирана во Уставот, без разлика што во Предлогот односно во причините за донесување на законот, според член 30 од Уставот на Република Македонија, е една од причините за донесување на овој закон. Меѓутоа, мислам дека тоа не е така и не е вред истиот тој член да се цитира за потреба и причина за донесување на овој закон.

Ако одиме во причините за донесување на овој закон, ќе се види дека и овие причини што ги кажува Министерството за финансии не се причина за донесување на овој закон, затоа што не може причина да биде дека Законот за градежно земјиште оневозможува сопствениците на градежно земјиште во не мал број случаи да не можат да ја реализираат градбата предвидена на тоа земјиште со деталните урбанистички планови и затоа се донесува измена на Законот за експропријација или причина да е, тргнувајки од основната уставна определба дека сопственоста создава права и обврски, обврска на сопствениците на градежно земјиште на кое е предвидена градба и да ја реализира изградбата во функција на уредување и хуманизација на просторот. Тоа не е причина за донесвување на овој закон.

Во членот 1 се прави прва грешка во овој закон за експропријација, затоа што, ако го погледенеме основниот закон за експропријација, тој кажува во членот 1 дека со овој закон се уредува експропријацијата на сопственоста и правата кои произлегуваат од

неа на земјиште, згради и други објекти, заради изградба на објекти и изведување на други работи од јавен интерес. Сега во членот 2 се кажува што е јавен интерес утврден со овој закон, за да имаме измена на овој член, каде што кажуваме дека се дополнува дека и изградба на станбени, деловни и стопански објекти предвидени за градење со детални урбанистички планови е јавен интерес на Република Македонија. Кога изградба на станбен објект, дали е индивидуален или колективен, е од државен интерес за Република Македонија или од јавен интерес за Република Македонија, затоа што ако прочитаме што се е јавен интерес, никаква логика нема за изградба на станбен објект дека е јавен интерес на Република Македонија. Овде децидно е наброено што е јавен интерес, односно кои објекти се од јавен интерес, а тоа е изградба на железнички пруги, патишта, мостови, аеродроми и придружни објекти, изградба на централи, изградба на објекти за поштенски, телефонски и телеграфски сообраќај, изградба на објект за одбрана, гранични премини, улици, плоштади, паркинг-плацеви, паркови и т.н., до изградба на населби при големи природни непогоди и сега, аналогно на тоа, да се стави еден нов член во законот каде што се кажува дека и изградба на станбени, деловни и стопански објекти е јавен интерес на Република Македонија. Истото тоа потоа во членот 45-а што се дополнува, се кажува дека "предимствено право на градба е право со кое под услови, на начин и постапка утврдени со овој закон се стекнува сопственик на градежното изградено земјиште да гради станбени, деловни или стопански објекти, предвидени за градење на тоа земјиште со детални урбанистички планови". Не може детален урбанистички план да биде друг акт каде што ќе се каже дека тој е од јавен интерес. Тоа го кажува на неколку пати и Уставниот суд, при што и укинува некои членови од постојниот Закон за експропријација. Имаме три или четири одлуки од Уставниот суд, каде што се кажува дека тоа мора да биде содржано во закон, а не деталните урбанистички планови, па вие сега тоа го ставате во закон, во членот 2-изградба на станбени, деловни и стопански објекти и мислите дека со тоа ќе го решите овој проблем. Меѓутоа, овој проблем не се решава само со една реченица, затоа што во практицирањето на овој закон ќе настанат големи проблеми во секој домен од законот, кога би се усвоил и кога би почнал да се користи.

Во членот 45-б се вели: "предимствено право на градба може да се стекнува само кога сопственоста на сопствениците на градежното неизградено земјиште ја сочинува градежна парцела најмалку 50%, поединечно или заедно" и тука се кажува дека е вклучена државата. Според Законот за сопственост имаме друг назив за тоа, а тоа е мешовита сопственост, каде учествува државата и другата страна, а тоа е приватната сопственост, односно индивидуалната сопственост на градежното земјиште, во конкретниот случај.

Многу нејасен член е членот 45-в, каде што се кажува дека по исклучок од став 2 на овој член, кога сопственоста на државата на градежно неизградено земјиште не надминува 50% од сопственоста на вкупната површина, предимствено право на градба на целата градежна парцела ќе стекнат и сопственици на градежно неизградено земјиште кои немаат 50%, но имаат 50% од приватната сопственост. Толку нејасен член, а пишува дека некој може да стане сопственик на цела градежна парцела со 25%, и тоа 50% ако има државата во корист на градежната парцела, останатите 50% ако се поделени на неколку сопственици, еден сопственик да има 25% тој може да стане сопственик на 100% од целата локација. Мислам дека тоа воопшто не е во ред, особено што овде веќе ја вмешувате и државата во однос на градежната парцела, односно на градежното земјиште.

Зошто оценувате овде дека државата може да не учествува во заедничката градба на обејктот? Ако веќе државата има 50% од градежното земјиште, зошто државата не го продаде тоа земјиште? Зошто би се откажала државата од градбата, па некој да гради со 25% од земјиштето?

Потоа во наредниот член - многу краток е законот, меѓутоа, многу е нејасен и за многу штета ќе придонесе, па затоа ги читам сите членови - се вели: "Владата на Република Македонија со посебен пропис определува дали државата ќе пристапи кон заедничка градба на објектите или не". Зошто државата со просебен пропис да определува дали ќе стапи? Не мора. Државата според Законот за градежно земјиште може тоа земјиште да го продаде и на лицитација, дури со непосредна спогодба, меѓутоа, да го продаде. Сега ако имаме веќе неколку закони, Законот за градежно земјиште, Законот за сопственост, сега имаме и закон за експропријација, сакам да кажам дека едноставно ќе се придонесе за толкава збунетост на органите како да го практикуваат овој закон и овој закон нема да профункционира во намерата - се надевам дека намерата ви е добра и искрена, меѓутоа, во намерата да се придонесе нешто за изградба на објекти согласно деталните урбанистички планови, меѓутоа, сето тоа ќе пропадне затоа што многу нејаснотии има овој закон. Една од нејаснотиите е што не може државата да експроприра за некој друг приватен сопственик, затоа што во член 3 од постојниот Закон имате дека корисник на експропријацијата е државата. Сега како вие ќе му одземете некаква сопственост, дел од парцелата, 50% што сопственикот ја има, за да му го дадете на некој друг. Затоа што во член 3 - или сменете го членот 3 од постојниот Закон - од постојниот Закон стои: "Експропријацијата се врши за потребите на јавните служби, јавните претпријатија, јавните фондови и единиците на

локалната самоуправа", а овде ние го одземаме правото од еден сопственик за да му го дадеме на друг сопственик. Зошто? Затоа што некој не може да се договори со друг. Затоа во Законот за градежно земјиште воопшто не е предвидено право на првенствена градба. Првенствена градба беше тогаш кога во законот за градежното земјиште немаше сопственост. Ние ја направивме сопственоста 2001 година и едноставно градежното земјиште почна да оди во промет. Сега ако оди во промет, не може државата да го одзема за да му го даде на некој друг што сака да гради. Овде се дадени некои примери во образложението со 1000 $м^2$ каде што се кажува: пример 1 - градежната парцела изнесува 1000 $м^2$ и истата е со сопственост на идеална половина по 50%.

Дури и не ставате да има повеќе, туку до 50% на двајца сосопственици при што едниот сопственик сака да гради, а другиот сопственик од неоправдани причини не сака да гради. Потоа кажувате дека, тие неоправдани причини ќе ги определи судот. Како може некоја причина да определи судот, ако некој сопственик на тоа земјиште во дадениот момент не сака да гради. Можеби ќе сака да гради после една, две или три години. И сега која е причината која што судот ќе каже дека едниот сопственик на 50% од земјиштето е во право, а другиот сопственик е грешка затоа што, односно не е во право затоа што во моментот не сака да гради, а е сопственик на тоа земјиште. Тука воопшто не ги имате решено, воопшто немате решено, без разлика што кажувате овде дека е за реализација на деталните урбанистички планови, целиов овој закон што се носи и се кажува дека е Законот за градежно земјиште, односно за градежно неизградено земјиште, меѓутоа воопшто не ги имате решено условите, односно претпоставките кога ќе се работи за постојан објект.

Во деталните урбанистички планови имаме маркица од еден објект 10 на 10, да се прошири на 20 на 20. И тој објект од 10 на 10 го користат двајца сопственици по 50%. Не лево и десно во доградби, него во горе и долу, во станбен простор, значи еден кат и втор. Што ќе се случи ако едниот сака да гради, а другиот не сака да гради. Ќе кажете, ама овој закон се однесува само за неизградено земјиште. Меѓутоа, ако е според детален урбанистички план, надвор од објектот, тоа е неизградено земјиште. Значи тие 10 метра околу цел објект што треба да се гради. Дали може така да го толкуваат стручните служби тоа и да речат да, 10 метри, како пример, меѓутоа може тие да бидат од една локација што има според сите нормативи на деталните урбанистички планови и еден објект може да се прошири максимум согласно нормативите на просторот, од Министерството за транспорт и врски и тој објект да кажете да, во тој простор не може да се гради затоа што неизградено градежно земјиште, може да се случи да му се одземе дури и правото на живеење односно од куќата затоа што тој 50% односно од куќата затоа што тој од тие 50% несака да го користи објектот, односно да го доградува или надградува, а другиот сопственик на 50% сака тоа да го прави и едноставно државата може да го експроприра тој објект и ќе остане по пазарна цена, ќе му го платите станот на тој објект, што не сака да гради. Ако не е така, а знам дека не е така, јас ви ги кажувам овие драстични примери затоа што тоа може да се случи во реалноста. И, овој закон затоа всушност е и направен.

Сите работи се направени, сите членови од овој закон се дотолку нејасни што во суштина се направени за да дадат необјаснување односно забуна, а не обратно што сакаме да го постигнеме.

Како да го толкуваме тоа рокот, кога судот ќе пристапи кон одлучување, ќе ги задложи сопствениците на граджно неизградено земјиште во определен рок да постигне договор за заедничка градба и тој рок не може да биде подолг од шест месеци, значи може да биде и еден месец. И, за еден месец ако не се договориле сопствениците на една градежна парцела со 50%, година, две, сега ќе се договорат за месец дена? Не. Едноставно, овој рок што е даден е всушност што помалку, да се намали цената за оној што ја бара, другиот, нормално и едноставно таа цена да биде најминимална, без разлика што овде кажувате по пазарна цена.

Еве друг пример, затоа што вие работите со примери, ќе ви кажам. Кој би купил пола парцела сега ако се донесе овој закон, досега се купуваа и затоа градежното земјмиште е во промет. Меѓутоа, сега дали би купил некој половина парцела, да речам од 1000 квадради, 500 квадрати, ако знае дека тој другиот од 40%, а ако знае дека тој што има 60%, дека не ќе може да ја продаде. Не ќе може да се договара со оној што има 60%, затоа што цената апсолутно драстично ќе се намали, нема рамноправен однос. Не ќе може оној што не сака да гради во моментот, а судот ќе го натера да се договара за месец, два , три или шест месеци да ја зголеми цената или да се договори. Едноставно, тогаш сопственикот на овие 60% нема да се договара. Тоа е затоа што судот ќе му ја додели. Така е, затоа што како ќе може некој друг да ја купи таа парцела кога знае дека некој има 60%. И, ќе се договараат, на пример, за некоја пазарна цена, овој со 60% нема да ја купи таа парцела, мислам нема да се согласи по метар квадратен по таа цена што ја бара овој што има 40% и едноставно судот ќе определи дека овој мора да му ја продаде што има 40% на оној што има 60% од парцелата по пазарна цена. И, која е сега пазарната цена.

Пазарна цена воопшто нема затоа што прво, како држава имаме три различни цени на градежно земјиште. Имаме цена од Министерството за финансии, од Управата за приходи и Министерството за транспорт и врски.

И, кажуваме сега некоја пазарна цена, па таа пазарна цена, ако излезете на пазарот со ваков пример со 40%, никој нема да даде дури ни градежната цена која што е од државната цена. Никој нема да ја купи, зошто да ја купи таа парцела кога ќе му ја земе државата. Овде, во член 45 -е, овие членови ги кажувам бидејќи не дадовте објаснување зошто се носи овој закон, да продискутираме дека навистина е многу сложен овој закон кој што ќе се донесе и многу големи проблеми ќе настанат во јавноста и во секојдневниот живот особено во дејноста во градежништвото затоа што место искрената намера да се забрза процесот на реализирање на детални урбанистички планови, од друга страна ќе доведе до застој на градежништвото и на градбата.

Еве, во член 45, сопствениците на градежно неизградено земјиште кои во рокот што го определил судот нема да пристапат кон склучување на договор за заедничка градба должни се да ги образложат причините поради кои не го склучиле договорот. И, понатаму, сопствениците што не ги оправдале причините поради кои не го постигнале договорот не стекнуваат предимствено право на градба. Кои се тие причини? Дали причина е тоа ако едниот сопственик од 50%, кажувам со примери, сака да гради деловен објект, тој има најдено инвеститори, самиот неможе да го гради, наоѓа инвеститори. Овој другиот со тие инвеститори не се согласува, тој има 40%, туку мисли дека ќе има други инвеститори ако се почека извесно време кој што ќе придонесат за подобра финансиска зделка на двајцата сосоптвеници. Тоа е една од причините. Како судот ќе одреди, дека овој што има 40% не е во право. Ќе кажете вие, да тоа го определуваме на судот, ние го носиме законот. Во стварносота, во јавноста треба да видиме како ќе функционира овој закон. Инаку, ќе имаме голем проблем. Сите ќе се соочиме со тоа, бидејќи не сака да гради причината ќе биде секогаш, судот кога ќе ги носи тие решенија, ќе биде, бидејќи тој не сака да гради во дадениот момент и му го дава предимственото право на тој што сака во моментот да гради и тоа ќе го објаснуваме заради реализација на деталните урбанистички планови. Тоа ќе бидат сите образложенија на судот. Еве ќе видиме, нека се донесе тој закон, ќе видиме дека така ќе биде.

Член 45 ж кога во рокот што го определил судот не се склучи договор за заедничка градба, не ќе е можно да се склучи таков договор затоа што тие ако се договориле и без суд ќе се договорат, а сега уште кога судот им налага да се договорат, овој другиот, сега нема да сака. Овој што има повеќе проценти од 50 и 50 сака во моментот да гради, во дадениот случај ќе чека судот да определи, а не да се склучи тој договор, месец, два до шест месеци затоа што на таков начин цената што ќе треба да ја даде за другиот ќе се намали многу, многу. Цената ќе биде многу мала и нему ќе му се исплати да не се договори во дадениот рок.

Во член 45-ж кажуваме дека судот треба да води сметка за принципот на правичност. Која е таа правичност, кажете ми. Уште еднаш ќе кажам, ако на некој начин се сака ова да се направи, ако во причините на овој закон имаме навистина желба како да ја зголемиме изградбата не може само едно министерство, требаше и како Влада да се разговара, постојат законски решенија, меѓутоа не само законски, дури и во Законот за локална самоуправа треба да се види за донесување на деталните урбанистички планови на каков начин државата може да ја забрза градбата и реализацијата на деталните урбанистички планови. Не може само со измена на Закон за експропријација ние да зборуваме за зголемена изградба на објекти особено на станбени и деловни објекти. Се знае што е експропријација и зошто се носи, прочитав во постојниот Закон член 1, 2 и 3 и сега во членот 45-з на поранешните сопственици од кои е експроприрано градежното неизградено земјиште им припаѓа паричен надомест не помал од пазарната вредност.

Зборувавме, пазарна вредност никао не ќе може да се определи во дадениот момент, пазарната вредност ќе биде државната цена на градежното земјиште и едноставно вие ќе го земете тоа земјиште на некој што во моментот не се согласува со сопствениците. Ова е сосема друг пример, ние немаме предимствено право на користење, имаме предимствено право на градба, првенствено право на купување на земјиштето. Што ќе се случи, сега ве прашувам, што ќе се случи ако тој што ќе го купи земјиштето во определен рок, го знаеме законскиот рок кој е, не почне да се гради. Вие кажувате ќе му се одземе. Дали откога ќе му се одземе таа дозвола ќе му се врати на поранешниот сопственик.

И, под кои критериуми, значи, овој член 45-з ќе ја определуваме вредноста, затоа што во постојниот член ние правиме само измени, да речам на членот 45, меѓутоа воопшто ако се гледа законот ќе видиме дека во член 24, значи во постојниот член каде што е определување и постапка за надомест дали тоа значи дека воопшто сите овие членови се бришат или воопшто неважат за овој вид експрепријација, затоа што во член 24, видете што пишува: "надоместок за експрприрано земјиште се определува со давање во замена друго земјиште кое по големина, квалитет и локација е соодветно на експроприраното земјиште", па понатаму, ако корисникот на експропријацијата нема соодветно земјиште  или експропријација на мал дел од парцелата, надоместок се определува во пари. Што ќе се случи без разлика што законот е за градежно неизградено земјиште најголемите случаи вие ќе ги имате на постојни објекти. Постојан објект во деталниот урбанистсички план и согласно тоа во новиот детален урбанистички план каде што на тоа

земјиште сведоци сме, да речам, од една куќа согласно нормативите може да се направи зграда како што се прави сега, кажувам законски се, особено во тие примери, значи на такви примери, како овој закон ќе се применува.

И, тогаш ќе настанат нови проблеми затоа што може да се доведе до многу непријатна ситуација државата и министерствата особено што ќе се работи за постојни објекти каде што луѓето живеат, без разлика, пак ќе кажам што овој закон се однесува на законот за градежно неизградено земјиште, меѓутоа тоа може и така да се толкува. Ви кажував како може да се толкува, постојниот објект ќе се толкува како постојан објект, меѓутоа другиот простор може да се толкува како неизградено градежно земјиште и тоа да биде предмет на експропријација помеѓу два сопственика.

Цело време кога зборуваме за експропријација, дајте да видиме, можеби треба друг термин правен, еве Министерството за финансии, Владата нека го определи. Не може да се експроприра земјиште за сметка на сопственик. Експропријацијата треба да ја изведе државата. Или пак, ако експроприра државата, нека го купи државата тој процент од 40% што го има сопственикот, па потоа нека му го продаде на другиот сопственик по некоја друга цена, зошто мора по таа цена што се договарале, тогаш државата ќе биде во функција да ја диктира цената. Ако сака тогаш оној што сака да гради што има 50 или 60% нека плати повисока цена што државата ќе ја одреди, ако го експроприра. Или најдите некој друг термин. Еве го тој член, член 45 ѕ) заради остварување на предимственото право се кажува дека ќе се експроприра во сопственост на сопствениците на градежното неизградено земјиште. Значи, воопшто сите овие термини што се овде ако се сака навистина да се направи добар закон треба да се усогласат и со законот за сопственост и со законот за градежно земјиште дури и со законот за просторно и урбанистичко планирање.

Ваков важен закон мислам дека требаше да го бранат, ако веќе беше така, две министерства, Министерството за финансии, Министерството за транспорт и врски дури и Министерството за екологија бидејќи тоа е надлежно за просторно планирање. А, не ние овде сега да зборуваме со примери употребуваме детални урбанистички планови, тие се во сосема други ингеренции и едноставно после во јавноста да кажеме да, меѓутоа, законот е донесен па службите од едното или од другото Министерство воопшто не ја вршат работата, инаку Законот е добар. Овој закон не е добар, ќе настанат големи проблеми. Особено што во образложението се кажува дека доколку објектите предвидени со урбанистичките планови не можат да се градат се доведува во прашање остварување на една темелна вредност на Уставот на РМ, а тоа е уредување и хуманизација на просторот. Особено со предложените дополнувања на овој закон треба да се надмине постојната состојба која е пречка за изградба на станбени, деловни и стопански објекти предвидени со деталните урбанистички планови.

Ќе ве молам, овие образложенија и оценка на состојбите и целта што ќе се постигнува со овој закон не се тие што ќе придонесат за зголемена изградба на објектите согласно деталните урбанистички планови. Ова се примери. И, во примерите го кажувате сето она што ќе настане како проблем. Еве во примерот 1, кажувате дека градежна парцела изнесува 1000 квадрати и истата е со сопственост на една идеална половина по 50% на двајца сосопственици при што едниот сопственик сака да гради, а другиот сопственик од неоправдани причини не сака да гради и не ги кажувате причините зошто тој не сака да гради, и, му го оставате тоа на судот, судот врз основа на овој закон ќе каже да, заради реализација на деталниот урбанистички план му се дава предимство на тој што сака да гради и вие ќе му ја одземете сопственоста, значи државата ќе му ја одземе сопственоста од некој без разлика дали имал причини или не, или нема да има причини.

Значи се доведуваме на еден начин ова наместо да биде закон за експропријација да биде закон за национализација во овој дел.

Или пример два. Градежна парцела изнесува 1000 м$^2$ со 400 сопственици од кои сопственоста на двајца ја сочинуваат парцелата од 600 м$^2$, а другиот од 400 м$^2$. Тој што има 400 м$^2$ не сака да гради и ние како држава ќе му ги одземеме тие 400 м$^2$ и ќе му ги дадеме на некој што сака да гради, по некоја цена најминимална, затоа што овој што има 400 м$^2$ не ќе може да ги продаде на било кој друг. Со донесување на овој закон никој нема да се договара помеѓу двајца сопственици, сите ќе чекаат суд. Да не се донесе овој закон, некој што е инвеститор, што сака да гради ќе плати повисока цена и овие 400 м$^2$ можеби ќе ги плати и за 800 м$^2$, меѓутоа ако сака да гради, ќе изгради и ќе го земе профитот. Вака овие 400 м$^2$ откако се донесе овој закон никогаш нема да се договорат помеѓу себе, затоа што овој што ќе има 600 м$^2$ ќе чека едноставно судот да одреди што ќе сака, по пазарна вредност. Пазарната вредност ќе биде 10 пати помала, можеби и повеќе од цената што ја барал сопственикот со 400 м$^2$.

Јавниот интерес, го читам образложението што го имавте дадено на неколку страници, за изградба на станбени, деловни и стопански објекти се утврдува како изградба на оние објекти кога изградбата на овие објекти е предвидена со глобалниот урбанистички план и кога изградбата на наведените објекти е само во случај на стекнување на првенствено право на градба.

Зошто не ги погледавте сите одлуки од Уставниот суд кога се кажува дека урбанистичките планови односно Законот за просторно и урбанистичко планирање и урбанистичките планови не се сметаат за

утврдување на јавен интерес. Тоа го има кажано Уставниот суд и во една одлука и во друга одлука, треба одлука. Значи, сите одлуки тргнуваат од тој аспект и не може сега бидејќи деталниот урбанистички план предвидува таму да се изгради станбен објект едноставно тоа е јавен интерес и затоа го ставаме во член 2 од овој закон каде што кажуваме дека јавен интерес е исто изградба на железничка пруга и изградба на индивидуална куќа каде што некој сака да гради, а некој не сака да гради и за тоа цела држава и суд ќе одлучуваат.

Ако градежната парцела е со површина од 1000 $м^2$ и градежно неизградено земјиште со мешана сопственичка структура при што државата во градежната парцела учествува со 400 $м^2$ а приватната сопственост учествува со 600 $м^2$. Доколку двајца сопственици кои имаат 400 $м^2$ сопственост сакаат да градат, а третиот сопственик кој има 200 $м^2$ не сака да гради предимствено право на градба на целата градежна парцела и тоа кажувате дека целата градежна парцела ќе се стекнат сопствениците кои имаат 400 $м^2$ бидејќи цензусот од 50% се пресметува само на градежното неизградено земјиште во приватна сопственост од градежната парцела.

Значи со 25% сопственост државата ќе му го даде земјиштето на некој што има 25% сопственост, а овој другиот што има исто така 20% сопственост воопшто ќе му го одземе и тоа право и државата зошто да не го продава тоа земјиште односно да не постигне некоја цена, туку да мора да му го даде, затоа што ќе одлучи државата, така што би биле тројца сопственици, да речам, на таа парцела. Зошто државата на еден сопственик да му го даде земјиштето. Зошто не го продаде уште во текот на фаза на договарање.

Овие се конкретни примери, кои Владата, службите и Министерството за финансии и Управата за имотно-правни односи ќе се соочат во практикување на овој закон и тогаш ќе настанат проблемите. Инаку, да речам сега, можеме на секаков начин овие примери и вие што ги имате изнесено и јас што ги изнесеов да се толкуваат и ние овде можеме да водиме долги дискусии, меѓутоа, ќе видите дека проблемот, всушност, ќе биде точно на теренот, значи во местата на живеење, со донесување на детални урбанистички планови. Деталните урбанистички планови во овој период кога ќе се донесе овој закон, ќе видите дека многу брзо локалната самоуправа ќе почне да ги менува деталните урбанистички планови, ќе почнат да се прават секакви комбинации во однос на сопственоста, каде што државата автоматски уште сега ако ја имаше улогата како сопственик на државно земјиште кој што може да диктира цена со однос на лицитација, сега државата едноставно ќе биде тргната настрана и тој сопственик кој што во дадениот случај може да има 20%, може да има и 50%, ќе може да гради без разлика на кои причини и државата, меѓутоа и без разлика на кои причини и другиот сопственик ќе ги кажат зошто не можат да градат во дадениот момент кога едниот од нив сака да гради. Значи овде е ова исполнување на желби. Овој закон ќе допринесе да се исполнат желбите затоа што некој ако сака во моментот да гради државата ќе му ја исполни желбата, ќе му го даде градежното земјиште, ќе му го одземе што е уште пострашно на некој што не сака да гради во овој момент и сака да го зачува и ќе допринесе до големи проблеми. Верувам сигурно и вие како претставници од Министерството и како Влада воопшто ако сме определени за насока како што рековме во членот од Уставот за хуманизација и уредување на просторот никој не сака да се сретне со тие проблеми меѓутоа дајте да размислиме. Овде имаше еден предлог да оди во две фази, не е никаков проблем сега да оди во прва фаза, па потоа едноставно да видиме, да ги споредиме и Законот за градежно земјиште и Законот за сопственост и Законот за експропријација, значи три закони како е можно подобро да се имплементира за да може да профункционира во јавноста. Инаку со вакво функционирање само ќе донесат проблеми, а всушност во причините за носење на законот ние да ја забрзаме изградбата согласно деталните урбанистички планови.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Балковски.

Има збор пратеникот Стаменков Ванчо.

Повелете господине Стаменков.

**Ванчо Стаменков:** Почитуван потпретседателе, почитувани претставници на Владата, почитувани колеги пратеници.

Со законот кој што е на дневен ред се предлага дополнување на законот за експропријација, со Предлог закон. Значи законот оди по скратена постапка, денеска треба да се донесе и Предлогот за донесување и Предлогот на законот.

Причини за донесување на овој закон како што се наведени од предлагачот на законот т.е. Владата на Република Македонија се правната празнина која што постои во нашето законодавство во овој дел, во оваа сфера.

Втора причина се наведува дека со сегашната правна регулатива сопствениците на градежно неизградено земјиште не можат да си ја реализираат градбата бидејќи објектот кој што е предвиден на тоа градежно земјишто со деталниот урбанистички план опфаќа повеќе делови од парцелата, или парцелата е во сопственост на повеќе правни или физички лица, така да не може да се реализира градбата. Со ова треба да се помогне едноставно да се влијае на изградбата на станбените објекти кои што се предвидени со

деталните урбанистички планови, а кои се на градежно неизградено земиште во сопственост на повеќе лица.

И јас сум за тоа да ја забрзаме изградбата во Република Македонија, да ја подигнеме на повисоко ниво, затоа што факт е дека во државата во која се гради има и развој. Ние само преку изградбата посебно во градежната сфера било објекти, патишта, улици или фабрики ние можеме да кажеме дека Македонија може да оди напред. Во овој момент гледаме дека ништо не се гради, така е во последните три години.

Не сретнав само една работа која постојано сме навикнати да ја гледаме во причините кога се предлага некој закон од Владата, а тоа е дека го прилагодуваме овој закон кон Законодавството на Европската унија односно кон регулативите или некои други документи кои што ги има донесено Европската унија, така да и ние едноставно со ова дополнување ги вршиме измените односно нашиот Закон за експропријација го прилагодуваме на Законодавството на Европската унија. Не знам зошто тоа не е напишано. Дали со ова ние се оддалечуваме или се приближуваме на Законодавството во Европската унија. Ние пратениците сме во таква состојба да немаме можности како пратеници да работиме како што треба и да го имаме Законодавството на Европската унија блиску до нас да можеме да го видиме бидејќи немаме услови за работа. Тоа е така и не знам кога ќе се смени да имаме подобри услови за работа, но факт е зошто Владата ја нема спомнато Европската унија со овој Предлог на закон.

Инаку, како решение ако навлеземе во структурата на законот што се предлага основното е дека се врши измена на членот 2 став 1 односно алинејата 15 е додадена една реченица со која што покрај објектите, сигурно е така, Владата го нема дадено делот кој што се менува како изгледа тука, или што се додава, но јас претпоставувам дека е покрај објектите од општествен јавен интерес (улици, патишта, болници) или некои други објекти (градинки, училишта) кои имаа првенствено право на градба и може сега да се изврши реализација на тие објекти според постоечката законска регулатива бидејќи експропријацијата може да се направи таму. Значи, се додаваат и комерцијални објекти, станбени објекти, деловни објекти и стопански објекти. Тоа е она што се прави. Значи, сите објекти фактички што се предвидени со деталните урбанистички планови сега имаат прединствено право на градба на неизградено градежно земјиште.

Тоа е она кое се менува и се додаваат нови членови после членот 45-а. од член 45-а до член 45-г во кои што се дефинира првенствено право на градба како и на кој начин ќе се остварува. Јас не сакам да навлегувам, колегата Балковски добри ги образложи тие работи член по член, па јас ќе се задржам само на пазарната вредност која што исто така се споменува во овој закон и тоа многу често и кое што се дефинира како вредност која што ќе ја одреди судот која е таа пазарна вредност. Кој ќе ја одреди, во законот не е дефинирано кој ќе ја даде пазарната вредност. Бидејќи судот ќе донесе решение за прединствено право на градба, тој што ќе има прединствено право на градба на суд ќе добие решение дека може да го купи тој дел од парцелата на која што ќе се гради, што значи треба да се одреди некоја пазарна вредност по која што ќе се плати земјиштето. Која ќе биде цената тука не е наведено кој ќе ја каже. Кога е пазар, зборот пазар значи кога двајца или повеќе се договараат за стока, или било каков предмет, или недвижнина. Тие меѓу себе се пазарат и си ја договараат цената. Ние не можеме да зборуваме за пазарна вредност ако е диктирана од трета личност или институција која што ќе ја одреди. Значи, тие двајца треба да си ја одредат цената меѓу себе и тогаш можеме да зборуваме за пазарна вредност. Не може со мешање на трето лице да зборуваме за пазарна цена. Со ова ние ќе ја напуштиме нашата определба за пазарно стопанство, пазарна економија, бидејќи ќе диктираме цена.

Друго е она кое што го имаме сега како правна регулатива, вредноста што се одредува на Министерството за финансии по која што државата може да изврши експропријација на градежно неизградено земјиште за изградба на објектите од општествен јавен интерес. Тука веќе имаме комерцијални објекти и јас не сум против да се градат тие, ние само така можеме да одиме напред, но треба да имаме регулирано како што треба и прилагодено на Европската унија. Вака се остава сомневање дека некој сака на мала врата на некого да заврши работа. Тоа е она кое што мора да се каже тука, дали имаме и конкретно парцело со бројка напишано на која што треба да се оствари прединствено право на градба. Ако имаме таква парцела можеме да го донесеме законот, само да видиме на кој се однесува тој закон.

Јас не би должел повеќе, но ќе кажам дека со вакви закони кои што се предлагаат од страна на Владата ние се повеќе се оддалечуваме од Европската унија и од она кое што сакаме да постанеме, сериозна држава со сериозен Парламент, сериозна Влада, држава која што е ориентирана да оди во Европската унија.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Стаменков.

Има збор пратеникот Силвана Бонева.

**Силвана Бонева:** Благодарам господине потпретседателе.

Бидејќи моите колеги досега навистина сериозно го елаборираа законот јас ќе се осврнам само на

уставната гаранција на правото на сопственост и експропријацијата.

Уставот на Република Македонија во членот 30 став 1 го гарантира правото на сопственост на граѓаните во Република Македонија, а декларативно постојано зборуваме дека приватната сопственост за нас е светост, влегуваме во еден нов систем на уредување.

Одземањето и ограничувањето на правото на сопственост според Уставот на Република Македонија член 30 став 3 може да биде само доколку со закон е утврден јавен интрес.

Јавниот интерес односно поимот јавен интерес е поим кој што го обезбедува правото на сопственост како човеково право и го заштитува човекот сопственик од самоволието на државата односно на граѓаните на управата.

Правата на сопственост е гарантирано и во Меѓународното право, како во актите на ООН, така и во Европската конвенција за заштита на човековите права и основни слободи.

Уставот на Република Македонија познава и поим општ интерес, тоа е членот 56, со кој што се означуваат добрата од општ интерес за Републиката. Но, овој општ интерес не е идентичен со јавниот интерес и затоа при донесување на секој закон, кој што задира во правото на сопственост треба сериозно да се води сметка да не биде повредено или ограничено правото на сопственост, односно јавниот интерес утврден со закон, треба да биде вистинска општествена потреба, а не самоволие.

Предложениот закон за дополнување на Законот за експропријација го дополнува членот 2 став 1 од постојниот Закон со посебна алинеја, со која што за јавен интерес се прогласува и изградбата на станови, на станбени, деловни и стопански објекти предвидени за градење со детални урбанистички планови, заради стекнување на предимствено право на градба на неизградено земјиште. Вака утврдениот јавен интерес, фактички, се спротивставува на уставната одредба од членот 30, бидејќи градбата на станбени, деловни и стопански објекти не е и не може да биде јавен интерес, бидејќи оваа градба има комерцијална цел, која што не може да се изедначи со општествената потреба за јавен интерес.

Затоа, вака утврдениот јавен интерес денес го повредува правото на сопственост и е спротивно на Уставот како такво.

Со членот 2 од Законот за експропријација, рационалното користење и хуманизација на просторот, заштитата и унапредувањето на животната средина и на природата со изградба на објекти и изведување на работи предвидени со актите за планирање на просторот, е предтекст на таксативно наброени случаи што го означуваат и го дефинираат јавниот интерес во 15-те алинеи и само исполнувањето на условите од наведените алинеи го означуваат јавниот интерес. Изградбата на станови, на деловни и стопански објекти предвидени со урбанистичките планови, овде не се означуваат како јавен интерес.

Предлагачот, очигледно не ги имал предвид и бројните одлуки на Уставниот суд на Република Македонија, со кои што се укинати повеќе прописи во државата со единствен заклучок, изградбата на објекти за становање и деловни објекти не претставува јавен интерес.

Понатаму, законската конструкција, предимиествено право на градба се спротивставува исто така на Уставот на Република Македонија, бидејќи од правото на сопственост не може да се изведе предимствено право на градба, зашто правото на сопственост на сопственикот му го обезбедува правото на располагање, а секоја пак интервенција врз тоа право, макар и со закон, значи одземање или ограничување на правото на сопственост, спротивно на уставната гаранција на правото на сопственост. Се напоменува дека правниот поим предимствено право на градба беше познат во Законот за национализација на градежното земјиште од 1958 година, но и тоа му припаѓаше на поранешниот сопственик, а не на некој друг.

Поради сето ова пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ смета дека донесувањето на овој закон ќе значи експлицитна несогласност со Уставот на Република Македонија и Собранието на Република Македонија доколку не го повлече ваквиот закон, ќе донесе закон што е спротивен на Уставот на Република Македонија.

Наша препорака би била, доколку сакаме навистина да најдеме добри решенија да се повлече законот од процедура или пак во две фази да се дозволи, за да можеме навистина сериозно да го разгледаме. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓо Бонева.

Констатирам дека нема повеќе пријавени за збор.

Го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да усвои заклучок.

Ги повикувам сите оние што дискутираа да влезат во салата и да видиме колку ќе имаме кворум.

Бидејќи, нема кворум, овде ќе ја прекинеме седницата.

Пред да ја прекинеме седницата сакам да соопштам, со оглед на тоа што денес кажав дека треба еднаш на јавноста да и се прочитаат оние кои што се потпишуваат, земаат дневници, земаат патни трошоци и си се шетаат по ходниците. Потпишани се 88 и еден со прашалник. Во моментот имавме 52, 54, 56, 58 и на крај 60 пратеници.

Сакам да ви кажам дека во моментот кога најавив прекинување на седницата, сите потпишани со исклучок на една оправдано отсутна од пријавените од позицијата, беа

присутни во салата. Мислам дека нема потреба да ги читаме. Инаку, тоа ќе го воведеме како пракса да знаеме кој се потпишува, кој зема патни трошоци, кој зема дневници и кој на крајот си заминува.

Седницата ја продолжуваме во вторник во 11,00 часот.

(Седницата прекина со работа во 16,21 часот)